Ултра Вајолет

# Д Дрогераш Сајантифик Деџенерик Ворлд

- парт уан -

***( _ _ _ _ _ _ _ )***

Извесно време седеше мирна и си се дразнеше со ноктите од прстите на рацете. Колку прекрасно чувство. Цврсти израстоци кои тераат да поминуваш со мекото ткиво од прстите по нив. Па да ги собираш во тупаница и да поминуваш со нив по мекото ткиво од дланката. Нема крај тоа лудило. Екстаза.
Прстите и се убави, долги но никако предолги; лигаментите и се долги, долги но никако предолги; и лицето во облик на месечина но никако никако прешироко.
Косата виолетово црна.
Во Атлантида, доколку се родело некое дете со виолетова боја на коса веднаш било земано под закрила на Високата Свештеничка.
Такви деца немало многу. Такви деца скоро немало ич.
Си помина еднаш со прстите по косата. Не сака да го прави тоа. Ноктите и се јаки, може да ја искинат, а и воопшто косата не би требало да се пипа многу. Сепак, пипањето на косата и е вистински фетиш. Ретко ја пипа со подолги нокти, ретко дозволува и да ги пушти тие фантомски израстоци да пораснат малце подолги.
Уметноста бара жртви.
Некои уметности едноставно не може да се изведуваат со долги нокти. Како мало дете не можеше да изведува еден вид, како големо дете не може да изведува друг вид уметност. Од мала дава жртви на уметноста, од најинтимен вид.
Веќе подолго време, сепак, уметноста само тлее како придружник. Ова е време посветено на внатрешните пориви. Истражување. Посматрање, но никако не преточување во текст.
Медитација.

Ноктите...ах тие прекрасни израстоци кои ќе треба да ги сечам скккkорооо... ах...ме кара пишаниот збор...но, само уште малку, уште малку само дај ми време...да научам...да видам...да сакам...да осетам... како да се биде свој.....како да се истрае во овој волшебен свет, зад паралелите на виножитото, зад сите бои на хоризонтот...како да се сретне спокојно својот вистински лик, како оној кој го сакаме да се сретне простум, без страв, како и илјада други да се разминат, молкум...како да се пишува ментално на месечина, како да се твори, како да се бивствува ослободено пак...како да се напише стих, поезија...сон...љубов...

***

Ноктурно си ги дразнеше ноктите, тие јаки израстоци кои го поттикнуваат и стимулираат менталниот процес. Седеше пријатно навален во големата фотеља сместена во средината на неговото студио.

Навистина е пријатно кога си поминуваш со тие диви израстоци по сепак не така долгата брада. Звуците кои при тоа брадата ги испушта ја стимулираат дополнително менталната креативност. Тлее креативниот процес. Идејата. Малечката претставува навистина неверојатно освежување. Тој веќе подостарен ексцентрик одамна не сретнал толку чудна енергија. И позитивни вибрации во просторот каде што малечката се појавува.
Има дарба. Не мора ни да го види нејзиното дело за да може да ја осети. Има виолетова боја на коса. Под закрила е на Високата Свештеничка.
Има и доволно патолошки моменти - во изразот може да и види дека бега. Што ли се крие зад нив - зад очите кои понекогаш блескаат, понекогаш плачат ментално на глас...
Одеднаш од некаде го стига нечиј туѓ ментален процес. Во проекцијата од себе, во средина на течението, неговата мисла се удира со нечија туѓа. Иста по содржина, но различна по квалитет. При сударот на мислите прашањето поставено од едната страна добива одговор веднаш.
Скоро во истиот момент ја зема четката во раце. Контурите се така познати, скоро без напор се црта познатиот лик. Подлогата е тиркизно плава со по некој индиго момент. Тенот е свиленкаст но не премногу нежен. Ни темен, ни светол - неодреден. Образите се подигнати во насмевка, а устата благо подотворена и во боја на зрела вишна. И секако очите, тие кои се сликаат скоро во еден здив, кои светкаат како темни драги камења, не постојат - а се, скриени во подочњаците кои претставуваат заштитен знак. Обележаност.
Со посебна занесеност се посвети на добивање на најлудата виолетова боја во универзумот што може да постои. Како алхемичар кој зема состојките да ги измеша, спонтано, но со потполно познавање на ефектот од своето дело, со максимална посветеност и со неверојатна прецизност  го направи првиот виолетов потег на платното. И тој потег ги осенчи сите други нанесени бои, ги оживеа, ги направи комплетно нови, ги облеа со единствен магичен виолетов прелив, ги омагијоса.
Кога најпосле сликата ја доби саканата димензија, тој задоволно ја принесе четката кон сребрената боја. Со брз потег зема од среброто и направи три идентични српа на платното: по еден во зениците, и еден настрана - од лева стана во тиркизниот простор со индиго-виолетова осенченост, над нив.

Задоволно се смееше со истата насмевка нацртана во ликот пред себе:
И сега ќе ти дадам име; значење, енегија, интегритет: Ултра Вајолет.

***

Небото над Париз е темно виолетово понекогаш. Во најзабутаните андерграунд скришни улици по кои уметниците шетаат. Далеку од целиот друг свет, но во сржта на градот. Таму каде уметноста мириса.
Во една таква магична ноќ еден лик задоволно си се смешкаше сам со себе. Си се дразнеше по дланките со веќе доста пораснатите фантомски израстоци. Колку прекрасно чувство. Стимуланс. Пост-креативен овој пат. Фантастично, не музиката, туку енергијата во него беше комплетно задоволна. Музиката е појдовниот момент, но за секој кој може да се нарече композитор најбитна

работа е начинот на кој ќе ја пренесе понатаму. Зад начинот на кој ќе ја пренесе понатаму мора да постои мотив. А мотивот после милион изведби на една иста музика тешко се изнаоѓа пак. Како професионалец сепак и без соодветна мотивираност беспрекорно ќе го изведеше тоа. Но еве го сега се смешка сам со себе во делот каде уметноста мириса. И небото над Париз е темно виолетово.
Колку е магичен овој град, од оваа страна на вистината.
Уште неколку улички и ќе го здогледа Лувр. Веќе во себе може да го види тој момент. И познатите кровови пред себе.
Ваква една навистина прекрасна магична ноќ просто мора да има Месечина. Сребрен срп качен над кровoвите на Лувр.
Колку убав правилен сребренкаст срп... кој во оваа апсолутна состојба на опоеност оцртува цел еден лик зад себе...и добро позната насмевка апсолутно идентична на неговата...
Ултра Вајолет.

***

Во една друга паралела на земјинава топка има еден друг прекрасен град. Над Кале качена горе, над градот, може да го осети целиот град. Го сака овој град. Небото е тиркизно. Има по некој залутан индиго момент. Паѓа Ноќ. Тивко е, ти се чини срцето ќе си го слушнеш од надвор. Има нешто посебно во оваа ноќ. Помина со прстите по косата. Виолетови прамени залутани во ноќта. Продолжи да ја пипа косата во такт. Омагијаност.
Во себеси гласно слушаше музика. Прецизни, јасни,кристални транс тонови кои пробиваат звучна мембрана. Посака да може да ги преслика во текст. Но рано е, толку рано е, сеуште ни лик немам. Не верувам, се повлекувам, не можам, не сакам јас. А врие креативниот импулс од внатре, надојден, прска, ќе предизвика нешто страшно ако не се матерјализира...но како, кога не можам, не сакам, не... сака...не...

Одеднаш сите негации се негираат самите себе. Зад звуците кои допираат којзнае од кој дел од универзумот осеќа како се смее нечиј лик. Задоволно. Со истата насмевка со која знае да се смее и нејзиниот лик. Потполно идентично.
Погледна во месечината: сребрен срп нацртан горе на небото. И ноќта прекрасна, отворена.
Го побара ликот на Ноктурно. Ќе полудам, о Велики, ќе се измрдам од место, морам да знам, морам...

Сега одразот во Месечината ти спие, малечко, под заштита на Високата Свештеничка, зад магијата на поимот Ултра Вајолет.
И скокаш по кровoвите на Лувр...

Ги исече ноктите и почна да пишува пак...

**Авантура**

Веќе беше длабоко попладне кога Модести Блејз стана од кревет. Темница. Ако продолжи вака ќе се претвори во меинстрим. Монотонија во катадневниот, или подобро: катаноќниот живот во Скопје. Од што нема што да се прави се пополнува времето со разврат: пиење, пушење, влечење бело, расправа со фрикови, понекоја локална тепачка и толку.
Додека пиеше прво кафе во 5 попладне, Модести почувствува чудна болка во задната ложа...хммм...од претходната ноќ е, се присети...седеше на мошне непријатна ивица од тросед, додека му беше убацена у фаца на Индијано и му објаснуваше некои работи...нашмркана до бесвест...
Какви глупости, помисли, да се трудиш на користољубиво суштество да му објаснуваш што се повисоки вредности.
Индијано е многу убав. Ама како да целата убавина му е опкружена со мизерлак. Скока без врска во одбрана на авангарда, така вика барем, ама во суштина во празно скока. Од авион се гледа дека скока по кеш уствари, но како е површен дозволува да не се напуни со истиот, па после се брани како тоа било заради постигнување повисоки цели во такозваниот културно-забавен живот во градот. Како не бе, ако е тоа повисоко ниво на култура во градов, тие тешки техно амфетамински журки пуни со голи цицки и целулитни газови и црнци што ти доаѓаат да ти се потат на твој терен, тогаш стварно живееме во систем со пореметени културни забавни и естетски вредности.
А сака да се мувам со него, и тоа се гледа од авион...си се насмеа сама со себе...повторно и се потврдува дека никогаш нема да ја привлечат бескрајно згодни и убави мажи со никаква содржина...сепак, имаше во него некои интересни моменти пред неколку години...но да се разбереме: со човек што носи тигрести секси купачи гаќи и тоа на висок транс фестивал Модести нема никад никад никад да се из-му-ваааааааа. И точка.

Додека Модести го пиеше првото кафе, без да може да запали цигара заради грозниот вкус во устата, и додека се расправаше сама со себе дека готово веќе стварно ќе престане со конзумирање големи количини бело, се развреска мобилниот од позади кревет.
- Модести, побогу, 5 саата те чекам да дигнеш телефон.
- О, Намбр Уан, на што се должи ова пријатно изненадување.г
- Имам работа за тебе, Мод. Моиве акмаци се тотално неспретни и морам да ангажирам некој од страна. Ќе те чекам во Точка вечер после 8.
- Фино.
Какво изненадување, таман кога помисли дека нема крај монотонијата во градов, и оп ете го врвот на најтешката авангардна мафија, човекот сенка: Намбр Уан. Само, којзнае што наумил. Ќе мора да укључи уште некој со нејзе, си помисли Модести, како сапорт. Па да, има ли подобар бекап од Корто Малтезе. Сигурно е развален во некоја љуљашка богу иза трегера надвор од Скопје, напушен и лајт опиен од некое си домашно вино кое

последно го прибрал од некаде.
- Каш???- се изненади Корто кога прими позив.
- Друже мој, сум заборавила колку добро звучи кога ќе ми речеш Каш!
- Кашаша ууу кашаша каш, ела да се напиеме имам едно вино сега домашно благо, ти какво што сакаш, тука сум локал на излез на Скопје...имам и лајт варијанта една трава, екстра режија...
- Хахахаххххxx, можам да замислам, ама јас па имам понуда од Намбр Уан за некоја работа и треба да се видам со него во Точка после 8. Како ти е расположење? Ми треба бекап.
- Пак си сркала нешто хахаххх...кашаша бе...кога бараш бекап, значи мозокот ти е збрљавотка хахаххх...ама добро, фино би ми дошло да ме пукне малце адреналин. ОК.
- Прибери мозок и нацртај се во 8 на зборно место.
Додека возеше према зборно место, Модести чувствуваше како ја облева пријатна вознемиреност. Адреналин. Многу брзо возеше па стигна пред време. Пак ја стресе мобилниот:
- Те видов, Каш, идам еве, се симнав пешки малце понатака за да се размрдам.
Овој Корто е мрднат. Затоа ми е ептен другар, се насмеа Модести. Тотално е забеган. За разлика од Индијано, полн е со авангарда. Не трча по кеш и живее ден за ден. Прифаќа предизвик и стои цврсто зад поимот авантура. Сака да прима нови моменти, иако понекогаш е тежок за комуникација пошто не се отвара пред секој. И прибирлив е до посер. Вага све. Но можеби таков треба да се биде за да се остане достоен на себе и на она во што се верува. И што е уште поважно: да не се прави она во што силно не се верува.
- Еј, Каш, знаеш ли дека во Точка денес има перформанс на некој тип што правел музика на стакло. Се сечел ма кашаша, луд некој тип. Така ми рекоа - рече додека ја гушкаше кога влезе во колата.
- Во Точка може на свашта да налетаме. Пази да не ме завлече некоја будала или некој детаљ па да ме успори во стапување во контакт со Намбр Уан. Знаеш каков е, не сака околишење и замајување.
Градот беше толку убав, си мислеа двајцата. Кога паѓа ноќ градот е така убав ко од бајка е, поготово во зима. Малце има народ, нема гужва и галама. Студот ги брка луѓето од улиците и полесно се движиш. Светилките се убави. Сепак ова не е така светла ноќ. Млада месечина е.
Корто пука по млада месечина. Често објаснува како младата месечина значи нов почеток или нов циклус. Нема начин да избегне муабет на таа тема поготово кога има млада месечина горе над хоризонтот.
Така додека Модести возеше пријатно насмеана во придружба на вечно саканиот другар кој озарен повторно раскажуваше за младата месечина, не ни приметија како веќе се беа приближиле до самиот тротоар на Точка.

Како Точка е мало место, гомила народ седи пред врата. Има пуно луѓе. Фаци кои уопште не ни припаѓаат тамо, па сепак трпат да им студи. Модерно било. Модерно ли е бе да изгинеш од студ заради нешто што нема шанси да го примиш и разбереш.
Во Точка еден забеган се соблекол бос и јаде стакло и крв фршти насекаде,

толку е налудничава таа работа што Модести трга поглед од старт. Звуците кои ги испушта при тоа се рачунаат за музика. Ова е арт оф мазохистичка мастурбација со стакло. Уште шк шк крвта да прави и све ќе биде потаман...
- Ебате авангардата ебате, дај бе Корто тргни се од тука, уместо ти да ме оттргнуваш од забегување, јас тебе те спаструвам. Што те влечат вакви моменти не ми е јасно. Те хипнотизираше типот.
- Каш, ја овој...човек ли е што ли е жити све...не можам да го разберам...ама Каш, се научил у процесот да не се самоповредува сериозно...гледаш...ама сепак, се засекува бе по малце...и...
Корто се сврте да ја погледне додека иг објаснуваше и примети дека се оддалечила кон споредната просторија. Паметен е овој Намбр Уан, помисли, баш вечерва нашол да се најдеме тука зашто никој жив друго ништо не приметува по страна од будалава со стаклото.
Модести беше во споредната просторија. Корто прв пат влезе во споредната просторија. Тука имаше многу полици со книги, стари нови секакви; по ѕидовите висеа интересни слики и фотографии; во средината во еден стакларник беа сите броеви на Маргина, и под овој стакларник внимателно ако се помести се наѕира отвор во паркетот.
- Корто, пази да не скокне некој додека сум доле. Отидов.
Модести знаеше дека Корто фино ќе си се забавља со сите изложени предмети тука. Дури и кратко ќе му се види времето да разгледа сег.
Од отворот во паркетот се спушташе во второто ниво на Точка, она за кое многу малце знаат. Тоа е ризницата на Точка. Нема пари, мада тоа е дискутабилно...ама нема пари тука, осеќаше Модести...но затоа има тешки стари реликвии, антиквитети, уметнички примероци со непроценлива вредност, и пишани текстови со јака провокативна димензија.
Во првата соба веќе налета на Намбр Уан. Беше седнат на маса со Вулкански и Пандалфски, двајцата чувари на ризницата и најголемите уметници на модерната авангарда.
- Касниш Мод.
- Секогаш каснам точно 15 минути Намбр Уан. Студентска четврт. Ми остана навика.
- Знаеме дека си јако образована Мод, покрај тоа што си способна за убиство и сакаш акција. Затоа и те барам за оваа работа. Плус знам како факт дека имаш повеќе од 9 животи. Повеќе од мачка си, Мод.
Па сега, ако доаѓа од устата на човек кој живее долго, и сите генерации го знаат, и стално живее и живее и живее, а не е вампир; тогаш прифаќам дека е точно, помисли Модести.
- Слушај - продолжи Намбр Уан - пред неколку дена беше украдено дело со непроценлива вредност. Слика од Вулкански која ќе добие вистинска смисла и вредност после многу години. Ја транспортиравме во нашата филијала во Солун, ни се виде подобро таму отколку тука заради избориве кои идат. Но, во камионот што го искористивме за транспорт имаше нов вид трева кој го викаме охгб. Иако властите фино мрсно ги потплативме како и секој пат за суптилно неприметно движење на пун камион со трева низ земјава, и што е најважно: за заливено перминување граница, сепак камионот беше запленет.

Идиотот по име Јорго Машала, таа мешавина од грк и турк, се дрзнал да бара декларација на камионот на патарината кај гази баба. Се заинаетил, не поштува ни власт ни полиција ни ништо, и никој не може да го пипне освен тешка мафија. Запленил све. Шоферот го пуштил гол назад.
- Знаеме каде е робата, Модести,г се убаци Пандалфски. Во подземниот премин на сам излез од Скопје, т.е. во бункерот на дижонска. Ако искочи и отиде кон Албанија, готово е све. Сликата ќе ја уништат сигурно, може и да ја употребат како матерјал за палење оган.г
- Мора да ја најдеш и да ја земеш во текот на оваа ноќ.
- Има и друг момент, Модести - продолжи самиот Вулкански - не сум ја потпишал сликата. Ако падне во рацете на Бугарите или Грците, ќе си ја присвојат за своја. Збориме за слика со силно историско, геостратешко и политичко значење.
- Земи ја бубата на Џанки, таа е позната позади гази баба, ни ја остави без проблем. Внатре имаш све што ти треба. Прво мора да поминеш во Клуб да го најдеш Носоња за побрзо да стигнеш до точното место на дижонска. Го пуштивме све да нањуши попладнево до последен детаљ. Те чека во клупче.
Модести се поздрави без да каже збор, ги зема кључевите од бубата на Џанки и одлучи веднаш да тргне во клупче а попат да му раскаже све на Корто. Ноќта доби друга димензија со првиот чекор направен надвор од Точка. Корто ја гледаше Модести како оди со сигурен и ритмички поинаков чекор. Очите и светеа во мракот. На челото пишан само зборот акција. Се претвори во нешто посилно од мачка.
Влегоа во црната буба. Модести му даде сигнал на Корто да види дали има све во преградата напред. Оружје, се разбира, пари и неколку пригушувачи на звук. И две влезници за во клупче, ВИП. Од кај ли знае Намбр Уан дека не сум сама...ма, Намбр Уан знае кога идам на мочање сигурно...од кога не сум имала секс, дали...еве го ливчето...пацер...го зема од рацете на Корто и му рече да иг каже што пишува, додека го кинеше и го фрлаше низ прозор...
- Без вишок конзумирање бело Мод. Изеди ја бомбоната од ливчево и не прашувај ништо. За избистрување од бело е. Толку.
Корто и ја подаде бомбоната. Одиме.
Кога ја палиш бубата со појачан мотор имаш чувство кое не се споредува со ништо друго. Ти се чини ќе ги разнесе соседните згради тој јак единствен продорен звук. Згрме бубата, Модести запали светла, даде гас и почна да му раскажува на Корто што треба да прават.

Клупче е фино место. Тука излегуваат интересни фаци. Нема шминкери, лигуши и амеби. Се слуша некој интересен психоделичен рок. Гитари, ама не досадни. Кога влегуваа Модести му рече на Корто дека супер и делува звукот на бендот што свири. Додека Модести пратеше свирка, Корто тргна да го лоцира Носоња. Многу добро свират бе овие, не ми се верува, си повторуваше Модести. Гитарава е лудница. И уиграни се ептен.
- НЛО драга - и кажа Корто, овој малиов што пее му а брат на Џанки. Свири виолончело плус.
- Ќути бе, сега ли наоѓаш вакви работи да ми кажуваш.

- Ако останеме уште малце, ќе бидеме сведоци на апсолутно лигавење - искоментира Носоња - ми смрди на некаква привлечност меѓу овие двајца.
- Доста. Носоња, што треба сега да направиме за да се оправиш малце.
- Ништо, јас се оправувам кога доаѓам на вакви места кај што се мешаат разни мириси, од пот до цигари од парфеми до стоено, па не ми доминира ниту еден мирис посебно. Така се чистам. Ти додуша драга мирисаш савршено, морам да признаам, и хормоните ти букљаат, одамна не си имала врхунски секс. А и Корто исто, само може евентуално орално да добивал. Сепак, недоволно квалитетно.
Модести го бутна побрзо према излез, а Корто остана зачуден и во позиција да се прашува дали може овој човек по мирис и иднината да ја претскажува. Гледаме дека може да ти даде точен личен опис, како и опис на ситуација. Но, но но но...хехеxxxx..на Каш и се свиѓа малиот џанки....хехеxxxxx...после оваа авантура ќе има тема за фаќање сеир...хехеxxxx....и тоа каков сеир, мрсен сеир, квалитетен....

Сите ќутеа до наплатна рампа гази баба. Во тој дел од Скопје животот е друг. Нема ред. Како се приближуваш до рампа, све потемно станува. Ни Месечината не се гледа од ова страна. Тмурно е све. Језа. Овој период посебно беа активни овие делови од градот. Пред избори добија поголема сила. Претходно почитуваа некакви одредби од закон, но во пауза од влада до влада уочи новиве избори свашта си дозволуваа...тоа го потцениле Намбр Уан и компанија...или можеби знаеле дека трева не ги занима во подземјето на Имраким Љочка, само хорс и кокс...сепак, тоа говното на две нозе што стои а е микс од грк и турк сигурно од инат го прибрало камионот...или зашто не му дала жената, или зашто изгубил на коцка, или зашто не се нашмркал доволно или зашто можда се прешмркал...како и да е, сепак камионот го нема....
Она што ја загрижуваше Модести е податокот од Носоња дека камионот е во трансфер зоната на големиот Имраким Љочка. Говното го трампало камионот за не знам колку тона кокс. За да се пробие низ идиотската банда на Љочка, Модести направи план.
Лесно поминаа рампа, бубата ја знаеа добро тука. Темница, не се гледа добро кој вози. Мислат Џанки иде по уште доуп. Влегоа без проблем. Носоња ги водеше понатаму до скришната подземна база на Љочка. Кон крајот на дижонска, кај скоро срушените куќи до кои одвај се доаѓа но има таман место и цел камион да помине, баш пред песокот оставен за градење Носоња им рече да застанат. Ги посматраа неколку пара очи. Им се приближуваа. Во темницата засветка метал. Оружје.
Корто излезе од колата. Планот беше да ги фати на муабет, а Модести да премине преку песокот и да влезе во дворот од помалата куќа. Во надворешното ве-це под цревото за заплакнување се влегува во подземниот склад. Само Носоња можел ова да го намириса, никој друг: ни полиција, ни мафија, ни влада, ни унпредеп ни кфор ни мор.
Корто беше полиглота, од радозналост научи да зборува повеќе јазици. Збореше шиптарски оригинал. Фацата му беше доволно чудна, а и стилот на

изразување, така да со право Модести мислеше дека ќе успее да ги задржи момциве доволно време. Они го чуваа дворот од куќата.
Носоња требаше да оди со нејзе до дворот, и тука да се скрие во грмушките и да дава сигнал со мјаукање ако некој иде. Он ќе го намириса уште пред да се доближи.
Сег тргна според план. Корто Малтезе е виртуоз за задржување луѓе. На шипците им збореше за теми далечни од нив. Почна со палење џоинт, додека им објаснуваше како уствари го пратил Џанки по уште доуп пошто тој самиот бил зафатен со перформанс. Ама Корто вешто го сврте муабетот од доуп кон пацифизам, како сите сме ние исто и треба заедно да живееме, и потоа успешно ја зафати најфаталната тема за која зборува: неговите патешествија. Пред да влезат во дворот, Модести и Носоња застанаа за момент да погледаат малце колку тоа добро го изведе Мистер Корто Малтезе. Ќе ги напуши и ќе им раскажува, а овие ќе седнат ко мали деца и ќе слушаат опоени со отворени усти.
Влегоа во дворот. Носоња остана во грмушката, а Модести влезе во ве-цето. Не беше многу прљаво. Пространо беше. Чудно дури. На вистинско место го најде отворот за доле. Влезе. Влага во просторот. Колку поинаку мириса отколку во подземјето на Точка. Потешко. Неиздржливо дури. Не се наѕира ништо. Тотален тежок мрак. Мораше да запали упаљач. При првиот момент светлина виде дека тоа е уствари огромен ходник, не се гледа до каде се протега. Како тунел е. Не се катакомби ко во Точка, туку прав тунел. Полно кутии внатре. Вреќи. Отворени, затворени...нема ред... ок... мисли... треба да е до некоја си пратка трава охгб...дај ми некој сигнал Господе, нема шанси да видам каде е...охгб...барај трава...сети се на мирисот на грас и ќе ја најдеш сликата...во подрумиве грас нема многу, само тони хорс и кокс...и оружје и којзнае што уште не...
Помина доста време. Вреќите успеваше да ги отвори, ама кутиите не. Застануваше да помириса над нив. Нема грас бе. Да не го трампале, да не касниме...веќе се замори ептен...па јас не сум Носоња бе Намбр Уан, него требаше да го пуштам доле можда, ама не...попотребен ми е горе...
Кога, помеѓу многу такви кутии како со некоја посебна светлина да беше осветлен еден шпиц од картон. Модести потрча кон местото. Да, се гледа дека тоа не е цела кутија. Тоа е дрвена кутија за слика. Да не е скршена? Немој само да е скрррршена...пази...внимателно....ја блокирале со еден куп кутии...не можам да ја извадам...ќе влечам...полека...влечи...мора да ја ставам ногата помеѓу двеве кутии за да направам простор да се одвојат и да ја извлечам, иначе ништо...
Надвор се слушна звук. Модести замрзна. Не е мјаукање, петел е. Брзо. Ќе се раздени, мора да бегаме. Среќа зима е, темна ноќ е рано посабајле.
Направи последен обид и ја повлече сликата. При тоа едната кутија се искрши и тешко олово и ја притисна ногата.
Вресок ги раздрма чуварите на кои Корто им збореше. Двајца од нив тргнаа кон местото од каде доаѓаше звукот. Еден остана со Корто, со цевката од пушката вперена во неговиот нос.
Двајцава налетаа на Носоња. Овој пукаше во едниот, но другиот веќе само

што не го беше погодил него. Се слушна истрел. Шипо падна пред Носоња.
- Модести, побогу, не си нормална. Трчај, не само што мораме брзо да бегаме од тука, мораме брзо да бегаме и од другата страна на рампата. Брзи се. Ќе не фатат.
- Нема. Нема кој да каже детали. Ќе ги убиеме овие чувариве. Додека да разберат кого треба да бркаат ние ќе избегаме. Корто, до кога ќе те чекам да му ја зачепиш устата на тоа говното пред тебе!!!
Корто направи неколку потега и го зема оружјето од шипо. Но, не можеше да пука.
- Пукај бе, да ти ебам пацифистот. Ќе раскаже све. Идат другите. Уште не не виделе среќа, темно е.
Овој не пукна. Модести затрча појако од мачка. Трчајќи накај бубата, во лет го зареди шипо со куршуми.
- Влегувај бе, не можам да возам. Пичи... можеш ли барем да запичиш со ова бубава, преку рампа директ и не мисли на ништо друго. Летај, не вози. Летајјјјј!!!!!!!!!!

Касно попладнето пак во 5 Модести пиеше прво кафе. Една болка каква не можете да замислите иг лупаше во нога. Ногата во гипс. Откако ја однесе сликата до Намбр Уан, Модести кажа дека си ебала матер на ногата.
Корто и Носоња беа занесени па не приметија на време.
Сепак, еве ги тука сега и пијат прво кафе. Им го направи Носоња, ама при тоа изеде гомна дека е стоено.
- Модести, жити све, кафево ти е катастрофа еколошка.
- Ич не ми е гајле.
- Сега може да ја нервираме ептен. Не може да мрда баш...хехехххх
- Сеир...
- Кога сме кај сеир...ќе идеме ли вечер во клупче, а??? не се секирај, на раце ќе те носиме...
- Да се релаксираш малце тамо...нели....хехехеххххх...џанки јуниор ово оно....хехеххххх...
- Дај ми го мобилниот ако сакаш те молам друже, плис. Ќе видите сега двајцата...еј, Намбр Уан, извини што ќе се дрзнам за вакво нешто, ама какви се шансите да добијам еден ај-ту-ај перформанс знаешшш....
- Ма средено е више све тоа Мод. Уживај.
- Момци, даде сега да ве почасти нешто. Ти Носоња иди извади една кашаша од фрижидер, да наздравиме. Корто, мотај друже, да видиме што е тоа сега ново па охгб...у џебот од јакната ми е...

**Контра удар**

Дон Кихоте де Пунктум нервозно го затвори пликото и го запечати со знакот на Каузата.
- Ќе биде гадно - намрштено си збореше сам со себе - Новиве никнати фракции ко божем во културната сфера почнаа да земаат силен замав. Не може да се исконтролираат, ќе кренат востание, ќе испозаебат све. Глупави се, ништо нема да постигнат, ќе треба да почнуваме све од почеток, одново да поставуваме културна кауза.
При последната средба со Војводата, де Пунктум ги изложи своите стравови:
- Многу се дрогираат неквалитетно. Сила добиваат од стероиди. Одма се тепаат. Не знаат да комуницираат и не почитуваат ништо. Главниот Цицач им дава коњски дози строиди. Од нив растат огромни, вените им рипаат полни со надојдена развратничка крв. Последен пат со сила навлегоа во просториите на Каузата. За малце ќе дојдеа до важните скрипти. Ќе уништеа све.
- Ова ме загрижува, де Пунктум - рече Војводата - ти давам директни инструкции да пренесеш се што е вредно во нашето подземје во Болоња.
Де Пунктум послуша и на време ги тргна културно-историските скрипти од просториите на Каузата. Но, во последната навала толпата напалени новопечени клинци кои се нарекуваа иднината на уметноста од ова поднебје, успеаа да уништат дел од ентериерот на Каузата. Де Пунктум успеа да им се спротивстави со еден од неговите познати заканувачки говори, но ефектот ќе биде краток и стоката брзо ќе се појави на врата пак во уште поголем број и со уште поголема сила.
Де Пунктум со години ја чува културната постојбина на авангардниот печатен збор. Веќе е станат врвен маестро во сите техники на заштита. Иако е малце заморен, сепак во него се палат искри жар кога станува збор за Каузата. Каузата е почеток и крај на целиот уметнички прогресивен импулс и идејна подлога на сите силни авангардни бунтови. Тоа не е само уметност, тоа е револуција, тоа е трн во око на владеачката сила, тоа е дигната рампа, со големи црвени букви напишан знак СТОП  - единствено место каде не можат да влезат и да завземат територија...се до сега т.е, си помисли загрижено....новиве фракции се автоматизирани лоботомизирани набилдани говеда без трунка почит без трунка осет без трунка морал без трунка самосвест...програмирани нови војничиња специјално за оваа работа....да срушат цела историја и да доотворат простор за додатно грабање и цицање....
Она што власта најмногу го мрази се овие постојбини на Каузата. Од тука добивала директен шамар. Од тука излегле многу вистини за нивната расипаност. Преку уметничките дела на бандата позади де Пунктум власта редовно си добива шалаканици по муцка. Редовно пробува да ги утепа бандитите, да ги уништи, да ги купи или да ги устоунира. Не успева. Дел од нив ќе паднат на искушение, но не и првите редови во Каузата.
Затоа власта ги програмираше новите фракции кои безмилосно треба да уништат се. Потоа дел од нив ќе депортира надвор од земјата, дел ќе

прогласи за дефектни и дел ќе пикне по фирмите и институциите ко ефективна ефтина работна сила која не бара ништо друго освен стероиди 3 пати на ден.
Де Пунктум се згрози при помислата што може да се случи. Неговиот збор не допира до фракциите. Нема на што да делува. Силни се глупаците, но не знаат што ги чека и нив. Сите ќе пропаднеме ако тргне кон пропаст работава. Они први кутрите. Им го рече тоа при последното обраќање, индиректно проба да ги раздрма, да им укаже што е последната работа што ќе им се случи. За момент неговиот силен ораторски талент ги одврати од походот, ги задрма малце. Но, главниот цицач ќе ги допрограмира и во следната навала тие нема да обраќаат внимание на тоа што им збори де Пунктум, ќе ја срамнат Каузата со земја.
Се надевам само дека писмово нема никогаш да се отвори, помисли де Пунктум. Време е да ја најдам Малата Разбојничка.

Малата Разбојничка задоволно се расправаше со Али Баба во мала станица арт кафе. Тука беше и Бакембард, секако, ко верна пратиља на Али Баба. Збореа за правење кеш. Двајца силни индивидуалци, креативци и лудаци зборат за правење кеш. Бакембард како штит застанал позади Али Баба, ги насочил антените и снима.
- Види, ти не знаеш уствари колку мала станица може да донесе профит. Се тука е константа. Стално е Медиум. Ти малечко треба да се пикнеш кај тоа брокерите и да ги убедиш дека ова нема смрт и....
- Баба, глупости ми збориш, знаеш...пара на пара се лепи...овде на што ќе се залепи пара...
- А бе дослушај ме прво: колку власти се смениле и местово останало исто, а?
- А бе каква врска има тоа, што ќе им речам на брокерите, дај ми матерјал, не може да им филозофирам, ќе ме фрлат од тераса од одма...
- Па ќе речеш дека во културно-забавниот живот во паланкава има највише пари. Ајде, знаеш ти како, имаш искуство. Убеди ги.
- Види го, ти сакаш да манипулирам у празно ебате...
- Он покушава да ти каже дека за сите ќе биде добро доколку успееме да профитираме од култура, да ја исфураме културата ко најпрофитабилна дејност...да измуваме...
- Ти, Бакембард, оди лично и кажи им на брокерите ова што ми збориш.
- Чекај сега, јас ќе ти кажам...
- Доста Баба...
Муабетот се вртеше во празно, рчкање заради рчкањето како мотив, без можност за прогрес или климакс. Среќа истиот момент во Мала Станица улета де Пунктум во пратња на агентот Тишина.
- Те барам Малечко - се издиша задоволно, потоа изненадено вресна - и Баба е тука....што сте наумиле...
- Збориме за капитални теми...хехеххх...за капитал...ама не за тотал интернет на капитал....
- Него само за капитал....
- За брокери, пари и профит....

- Кај дојде веков не ми се верува, креативци атакуваат на пари а капиталисти на култура, све се испомеша више...тешка катастрофа ќе се спушти врз нас ако не делуваме сега и одма...пак ме нападнаа говедата вчера, овој пат навистина силно...употребив еден говор, ама кратко ќе им трае, ќе ги допрограмира Цицачот, и тогаш....
- Види види... Што мислиш да се прави, а? - се уозбили Баба.
- Тоа треба да го каже Војводата лично. Во меѓувреме, ти Малечко Разбојниче оди прибери ги сите од бандата. Сите во просториите на Каузата што е можно побрзо.

Додека одеше кај Велечесниот, Малечката мислеше на Баба. Не сакаше да верува дека му се битни парите. Он е хиперпродуктивен мултимедијален уметник. Малечката само полно со визии откачено измрдано писателче во подем. Но со силен талент и фантазија. Од Баба очекуваше некаков додатен креативен поттик. Гуру, учител, спонтано поставен извор креативна енергија. Наместо тоа, он така сочно се потруди да ја стави во шах-мат позиција, терајќи ја да искористи цела манипулативна способност за да направи кеш пак. Она може тоа, ама одлучи дека тој дел од животот за нејзе е скоро завршен. Може да му го види крајот. Од разбојништво многу авантуристички се живее. Од уметноста боемски. Има огромна разлика. Во квалитет. Батали, сега е поважно да се прибере бандата, де Пунктум е изваден од памет, ваков не бил никогаш.
- Влегувај - се дрекна Велечесниот. Во неговата малечка симпатична куќа во Литл Фокси мирисаше на хг. Он летаргично оптегнат на каучот се драпаше во долниот дел од половината.
- Свињо, станувај, мора одма да идеме во просториите на Каузата.
- Еј свињо, она мене свињо!!???
- Усвињет си максимално у последно време. Тотално си летаргичен. Те мрзи и да ебеш разнолико дури. Среќа спуштен си од доуп, па има шанси да ти се дигне адреналин. Мора да ги прибереш сите глави на под-паланките брзо.
- Штоооо??? - се јави Палавиот од кујната. - Ќе сме се движеле нешто!!???
- Еј, Палавиот е тука. А бе што правите вие двајца? Да не сте си ги мереле пак? Да не сте ебеле нешто у макази? Ти дам, ми подаш. Двајцата стубови на подземјето задрапани лежерно, напушени ко свињи, застанати у пауза стисната веќе којзнае колку време. Мрдај Палави, собирај друг дел од подземјето, ти од онаа страна на рампата, овој задрапаниов од оваа, и да се движиме. Не сум дојдена за губење време у празно овој пат. Де Пунктум ме пушти да ве соберам сите, изгледа има важна задача доставена од Војводата.
Велечесниот и Палавиот почнаа да се отрезнуваат. Палавиот веќе носеше ударни дози кофеин. Малечката го прибра остатокот од хг од масата за да не се напраат бербат, почека да им се подизбистри погледот во очите и виде дека во нив сеуште има знаци на бунт. Кога излегуваа од малата куќичка на Велечесниот, Малечката осети повторно силна енергија од овие двајца ликови - алфа мажјаците во градот.
Мисијата почна.

Во просториите на Каузата за неполн саат беа собрани сите глави на под-паланките, на подземјето на паланката која некогаш беше град. Веќе навистина долго време не се беа собрале сите на едно место. Огромен период се буричкаа локално, во рамки на бизнисот на своите територии. Скоро да се отуѓиа едни од други, сите стиснати на пауза, летаргични, напушени, опоени. Ова е прв импулс кој ќе ги врати во живот после долго време. Кога се работеше за Каузата, сите беа спремни да направат се без многу околишење и двоумење.
Де Пунктум го започна својот говор. Во тонот доминираше невидена нота загриженост. Се заблагодари што сите се собраа толку брзо. Рече дека од големо значење е заеднички и експресно да ги совладаат новите фракции на Цицачот, кои овој пат стануваат навистина силни. За да се постигне таа цел сите подземја мора да дејствуваат како еден. Планот е со еден удар да се уништи све. Ги замоли да не се опуштаат во хедонистички авантури, да се спротивстават на сите пороци и да бидат спремни.
- Очекувам главната акција да се случи уште утре вечер. Сепак, крајниот збор ќе биде оној на Војводата. Повторно ќе потенцирам за сериозноста на ситуацијата и ќе ви се заблагодарам што навистина брзо се собравте сите во одбрана на Каузата. Толку.
Откако заврши со говорот, де Пунктум се упати кон Малечката Разбојничка.
- Викни ги скришно Велечесниот и Палавиот и дојдете кај мене во канцеларија.
Тројцата влегоа кај де Пунктум. Новите изданија на списанието Кауза седеа на маса непипнати. Немал време ни да ги дистибуира. На екран на компјутерот му стоеа отворени сите преписки на кои требаше да даде одговор. Многу беа, чудно како де Пунктум, кој дон-кихотовски се препираше со сите квази-филозофи, не стигнал да одговори на толку голем куп отворени понуди за препуцавање. Стоеше здрвен во еден агол од својата работна маса загледан во панорамската слика на Болоња закачена на ѕидот. Не се сврти да ги погледне, ги осети.
- Војводата даде инструкции за вас тројцата посебно. Веднаш ќе заминете со приватниот авион на Каузата за Болоња. Нема да се карате, нема да губите време на глупости, нема ни секунд да потрошите за џабе. Одите директно на приватниот аеродром на нашата филијала во Болоња. Ја барате Бандита Росса уште при самиот тачдаун. Војводата веќе и кажа дека пристигнувате. Ве чека.
Додека де Пунктум збореше, Малечката Разбојничка виде дека тајниот премин во канцеларијата е подотворен. Се мушна поблиску до отворот. Се изненади кога низ отворот виде една од антените на Бакембард. Молим??? И во долниот дел толку познатата симбол бунтовна социјалистичка чорапка на Али Баба. Во Каузата дефинитивно има многу повеќе мистерии отколку што се надевала.
- Одете сега - продолжи де Пунктум - ти Малечко остани за момент. Глеј, ти го давам ова плико. Очите у глава вака не ги чуваш, јасно ли? Доколку се случи некоја пиздарија и не успеете во мисијата, тоа ќе значи дека веќе е доведена Каузата во критична состојба. Отварај го пликото и све ќе ти стане

јасно. А а а, не ме гледај така, сигурен сум, не би била разбојничка доколку не се снајдеш подобро од овие двајца. Плус женско си. Против тој факт не можеме, сепак. Но, во никој друг случај НЕМА да го отвориш ова плико, и ако све испадне ко што треба ќе ми го вратиш мене лично на рака. Со среќа сега, одете.

На универзитетот за филозофија и веронаука во Болоња, Каузата имаше своја катедра. Врвни стучњаци предаваа за историјата, филозифијата и целото идејно движење позади Каузата. Откако заврши со својот час по алхемија, Бандита Росса задоволно си ја протри кратката коса. Фино, завршив на време, ги оставив да размислуваат како од коњско влакно да направат златен синџир, добра тема додека сум зафатена со бандитиве од нашата постојбина; а и Малечката Разбојничка не сум ја видела долго време. Додека така си мислеше, и позвони мобилниот. Стана од катедрата, го соблече сакото, ги симна наочарчињата и тргна надвор од зградата.
Бандита Росса и Малечката Разбојничка беа другарки од детство. Двете беа тешки разбојнички. Влегоа во круговите на Каузата благодарение на својот авантуризам, храброст и предаденост. Потоа, едната се посвети на наука и отиде да работи на универзитетот, а другата на хазардизам и отиде на манипулира на црната берза. Ги спојуваше една значајна историја и силен женски инстинкт кој секогаш носеше успех. Во која било мисија да ги ставеше, Војводата знаеше дека шансите за неуспех се минимални. Нивната женска симбиотичка енергија беше своевиден алхемички процес. Нематерјален.
Уште кога излегуваа од авиончето, Бандита виде дека тројцава се раскарале до смрт. Велечесниот мелеше ко воденица, Малечката го провоцираше, а Палавиот налеваше бензин на огнот.
- Мрднати - им викна Бандита Росса - опрајте се еј, да ви ебам тоа провинцијалците. Нема да се нучите да бидете господа па не знам што да биде. Кревате галама, сите ќе разберат дека сте дошле, неандерталци едни. Тајната мисија на Војводата, не ми се верува бе...ц ц ц...
- Хормони бе - рече Велечесниот. - како си докторке???
- Не хормони, разлика во хормони - рече Малечката, - поздрав Црвенко.
- Остај, ме пукнаа цел пат до тука - се пожали Палавиот - да се намало осет кога е доста. Поштовање драга.
- Што пичка си ти Палави, до преескa едно, сега одма друго, вртиреп. Од кај дува ветрот од таму се поставуваш - тивко рече Малечката и и се насмеа на Бандита Росса.
- Мене не ми е јасно како уште исто функционирате тамо доле сите. Ништо не се променило, иако Војводата тврди како ништо веќе не е исто. Менталитет.
- Другарице, можда во нашите гени лежи тајната која ќе разреши многу мистерии. Но, ти си алхемичарка, па ти најдобро знаеш, треба да направиш еден таков експеримент можда - рече Велечесниот, и ја стави раката на уста на Малечката за да ја спречи да каже било што, и додаде - кај е таа лабораторија, однеси не одма тамо.

Велечесниот не е толку совесен борец за Каузата, колку што е радознало копиле. Уште па кога се работи за лабораторија...и он и Палавиот први ќе се наредат на ред за експериментирање или снимање на експерименти со хемиска содржина....Бандита Росса требаше да им даде некоја посебна дрога, некој сеуште во прва фаза на тестирање експеримент, нешто што делува појако од опијат, но при тоа дејството не му престанува...љуља постојано, не дозволува подигнување, реанимација, враќање во нормала пак....
Добар му беше планот на Војводата: да го употреби овој вид дрога врз новите фракции на Цицачот. Кога овие ќе нападнат со полна сила, нашите од подземјето ќе скокнат со шприцеви во рака. Секој шприц ќе содржи доволна доза од дрогава на Бандита Росса за неутрализирање на програмираните единици од фракциите. На тоа мислеше де Пунктум кога рече со еден удар да ги уништиме сите.
Тргнаа према лабораторијата. Парковите на универзитетот беа полни со зеленило, убави фонтани, стара архитектура, но и девојки еден куп. И професорки и студентки и пријателки на истите. Велечесниот не можеше да се воздржи од воајерство. Палавиот сепак беше многу подискретен во тој поглед; но овој не, овој ги зјапаше во нивните женски атрибути директ. Тука настана уште една жустра расправа меѓу Малечката Разбојничка и него. Го нарече манијачиште, силеџија и пичкопата. Он нејзе фригидна кукла. Палавиот и Бандита Росса не ги прекинаа овој пат, зашто веќе се доближија до влезот на лабораторијата.
Под црквичката на Каузата се одеше во подрумските лавиринти. Палавиот се задржа во црквичката, во обид да се огребе за работа на фреските и иконите таму. Бандита му рече дека сега не е право време за тој муабет, но доколку се испадне како што треба, таа со задоволство ќе го лаже владиката дека он е правата личност за таа работа.
Малечката и Велечесниот потрчаа кон огромната врата на лабораторијата што се исправи пред нив. Кога се отвори вратата на лабораторијата, Велечесниот ќе се онесвестеше за момент: све жени работеа таму. Све убави примероци на женскиот род собрани на едно место. Велечесниот се потруди да ја прикрие ерекцијата во панталоните, но веднаш се откажа зашто тоа од него бараше нехуман напор. Бандита ги носеше до сите пултови до кои се правеа некакви експерименти, хемиски, алхемиски, секакви...на секој пулт Велечесниот се доближуваше до девојките, ги душкаше, им се триеше...се ежеше...фантазираше...
Палавиот беше заинтересиран повеќе за видовите психоделични средства кои тука се прават, и тој како и Малечката ја следеа бандита Росса со ненормален интерес. Најпосле дојдоа и до неговиот пулт: све што се добива од неговата сакана татула. Очите му засветеа, силна возбуда го затресе од петици - нешто слично на ерекцијата на Велечесниот но не физички манифестирано...
- Палави, ептен си ми другар - му рече Бандита - ќе ти дадам дел од татула соединенијава со инструкции за употреба.
- А бе местово е само за мене, верувај ми Бандита, ем ќе си бојам, ем ќе си трипам, што може повеќе од ова да посака некој ко мене...прекрасно...

- И за мене ова може да се покаже како рај, жени колку сакаш, релакс, а можам да држам некои предавања на катедрата за сексологија...што? нема таков предмет??? ќе воведеме, ќе правиме и практични вежби и колоквиуми и испит пред испит и испит после испит - рече Велечесниот.
Малечката ги плесна по еднаш и им се дрекна дека се тука во мисија.
Не ми се верува, си помисли Бандита, колку добар потег направи Војводата што ја пушти тука со нив. Носи не брзо до крајната цел Црвенко, телепатски и пренесе Разбојничката, зашто веќе касниме за враќање дома. Очите и беа полни со страв.
Вратата на малата приватна лабораторија на Бандита Росса се отвараше само со ласер. Не знаеа што точно чита тој ласер. При влез таа не направи никаков посебен потег, ниту пак подзастана. Сепак, видоа дека еден куп ласери се повлекоа пред нив кога стапнаа внатре во просторијата. Се смирија сите. Во лабораторијава доминира некакво чудно невообичаено чувство, како да има вонземаљско присуство, помисли Малечката. Телепатски им промени однесување. Бандита Росса го смири дишењето. Чекорот и се смени. Го зема чудниот зелен мантил од столицата, го стави внимателно на нејзе и им рече да почекаат за момент. Се доближи до едниот ѕид и просто ја снема.
Кога се појави од истиот ѕид назад пак, носеше чудна кутија во рацете.
- Другари мои, тука завршуваат сите заебанции. Заборавете на сето она што ве тера да се кошкате. Немојте да се предизвикувате. Верувајте ми, само една доза од овие тука, само мал дел да ви се истури каде што не треба, и останувате со трајни последици во една состојба на дегенско вегетирање. Од ова вадење нема. Нема ни контра-доуп ни ништо. Максимално внимателно ќе ја пренесете кутијава во Каузата дома. Со среќа, господо.
Гласот и беше друг. Како некои други вонземаљски суштества во хор да збореа од нејзе. Очите и беа ладни, погледот кристално прецизен. Како да ги хипнотизираше сите тројца. На излегување од оваа мала приватна лабораторија, никој не обрати внимание на ништо од страна. Малечката веднаш ја прими оваа нова енергија, за раце ги фати двајцата лидери од подземјето и заедно излегоа од просториите на малата црква на Каузата на универзитетот во Болоња. Велечесниот со 100-процентна сигурност го носеше малиот пакет во едната рака. Таков сигурен до тогаш никој од нив не го беше видел. Менталитет, господо. Посветеност. Озраченост. Моќ.

Веќе падна ноќ кога си дојдоа дома. Забрзано се движеа кон Каузата. Стигнаа на време, без никакви додатни непријатности. Прецизни ко саат. Погледите им беа како на Бандита Росса, ладни, кристално чисти.
На влез на Каузата ги пречекаа агентот Тишина и Бакембард со исти такви погледи. Без збор се разбраа. Пакетот го зема Тишина, а Бакембард им покажа каде да одат. Не беа како програмирани, беа како водени од некоја заедничка повисока енергија.
Внатре во Каузата беа дојдени сите. Спремни беа за контра удар - целото подземје на паланката која некогаш беше град. После овој контра удар паланката повторно ќе стане град. Нема начин да не успеат - толку се сигурни и силни. Де Пунктум ги раздели шприцевите на сите лидери. Баш како што

предвиде -навистина една цела војска испрограмирани единици од новите фракции наидуваше кон просториите на Каузата. Но, целото подземје сега беше спремно за тој еден контра удар. Брзо, ефикасно и скоро одеднаш ги неутрализираа успешно сите програмирани единици. Тие застануваа за момент, паѓаа, и кога повторно ќе застанеа на нозе го напуштаа смирено теренот. Де Пунктум после оваа победа задоволно застана на врата на Каузата, се насмеа, ја дигна раката горе и го покажа значајно средниот прст. Знаеше дека Цицачот демне од некаде, прати ситуација, па сега ете му, нема да биде безобразен да му покаже да му се фати за кур, него со максимално задоволство ќе му го насочи само средниот прст - што е апсолутно идентична работа.
Нормално, после овој успех сите лидери од подземјето отидоа на славење. Ги пукаше адреналин, не можеа да се приберат уште долго време. Но, заедно беа и тоа беше најважната работа.
Од позади тајниот премин во канцеларијата на де Пунктум, Али Баба задоволно си се смешкаше. Како некој стално просутен дух, тој секогаш знаеше и пратеше се.
- Готово е. Одлично изведено. Мора да признаам одамна не сум се почувствувал вака - му рече де Пунктум.
- Свршивме голема работа. Верувам дека после ова нема долго да го осетиме Цицачот. Можеш слободно да се посветиш на твоите секојдневни лудории сега маестро, да преминеш кон сочните расправи со квази-филозофите од шутраци. Одамна не сум ја видел твојата Дон Кихот димензија, ми се чини ја запоставивме подолго време. Немој да заборавиш дека сепак сакам да го видам новиот расказ на Малечката Разбојничка во овој број на Каузата. Нема дистрибуирање дур не го ставиш тоа парче фантастична приказна таму.
- Војводо, заборавив на нејзе...- се истрча опуштен де Пунктум без да провери дали има некој во Каузата останат. Ма, сите треба да се на славење...сепак, нешто го натера да се сврти за момент....
Од средината на неговата канцеларија го гледаа очите на Малечката Разбојничка. Зачудена и оставена без текст, таа ја подаваше раката со пликото кон него, а гледаше кон Али Баба директ. Зад нејзе застанати агентот Тишина и Бакембард, подннасмеани. Кон нејзе зачекори чудното чорепче на Баба...Али Баба...Баба...уметникот....лидерот...Војводата....
- И, кај ни беше муабетот застанат Малечко, хехехх - и рече пријатно насмеан.
- Да сме правеле уметност пак Војводо, нели, како што треба...сега, откако ја спасивме Каузата... молам...

**Никита**

Индиго модра кристална ноќ.
Тргна завеси да влезе бојата на ноќта внатре. Отвори прозор да може да ја помириса - индиго модрата кристална ноќ.
Што е тоа што ја вознемирува, па ја притиска силно до прозорецот !!!???
Отрезни ги мислите. Пресечи. Проклети спомени.
Проклети сеќавања зад свеста.
Ја подигаат дијафрагмата. Ја полнат со една единствена желба.
Под принуда затвори очи. Светло жолтеникава окер забранета боја во визијата - во форма на прав. При вбризгување, прво крвта навлегува во смесата и ја обојува комплет. Супстанцата се навикнува на крвта, и потоа успешно се разлева низ целиот крвен систем. Пробива до мозокот од старт.
Ах тој Филинг. Секогаш тој филинг. Единствен. Јак. Стига веднаш. И понесува. Dream within a dream. And in the dream замислената количина... која станува поголема, голема, навистина друга...се преиначува, се разобличува, вообличува, дообличува...и добива форма на пустиња, пустински дини...може да се чекори низ нив... тргнува низ нив, оди низ нив, само чекори низ нив...знае, осеќа, го осеќа низ нив, зад нејзе...почнува да трепери, треперат и дините, се приближува, збревта, може да се чуе бревтањето сега веќе блиску...срцето и лупа во врат, страв, татнежи, нечии чекори, нејзините запираат, стои...ја покрива некое затемнување, целата пустина се затемнува за момент: низ нејзе нацртани добро познатите контури - сенка...
Не мрда. Страв.
Се држи силно, завртена со грб.
Ја допира со канџите. Струи стремеж низ целата кичма.
Ја отвора шепата и со мекото ткиво и поминува низ целиот грб.
Поблиску е. Гори целото битие. Гори помислата дека веќе доволно блиску е...и таа вреска при првиот испуштен жежок здив така блиску до нејзиното уво...Никитаааааааа.........Никита......кам ту плеј, дјевушка, come to ride the desert with me....come, and I will take you high above it – high among the stars again...
...remember...
how you kiss the Moon, kiss the Moon....

- Никита!
- Никита!!!

Навистина кристална магична индиго ноќ. Икс ја гледаше Никита како бега далеку пак. Отвора прозор за да може да се врати назад - да ја врати мирисот на ноќта назад во реалност. Сонува за забранети зони. Соновите не може да и ги контролира. Проклета е. Има моменти вонтелесно постоење - ни јаве ни сон - во кои едноставно бега некаде. Никогаш не била само негова.
Па сепак, само негова е од оваа страна на реалноста. Зашкрипе со забите:
- Никита!
Затрепери. Отвори очи. Зема здив. Потоа долго и гласно го испушти. Се сврте према него и го погледна со полу-отсутен поглед.

- Одиме.

Додека ги ставаше чизмите, слушаше како он прави црти. Пуцкетање на крсталните прашоци под оштрилото. Овие бели се. Не толку значајни. Тешка дрога. Како не.
Се насмеа пакосно пред да повлече црта.
Не зборea ништо.
- Одиме.

**Кругот**

Кристална индиго ноќ над градот. Се движеа со голема брзина. Брзи се аутата на подземјето. Црни. Се движат неприметно низ улиците. Како да се во некоја паралела со реалната димензија. Ко фантоми се. Доза сигурност како потпора за таму каде што одат.
Во најлуксузнот дел од градот се наоѓаше седиштето на подземјето. Никита и Икс стигнаа пред големата железна врата, ја укуцаа шифрата за влез и продолжија по долгата патека напред. Огромна стара куќа се исправи пред нив. Готика. Местово тежи еден тон кеш - тоа стално си го помислуваше Никита. Кога прв пат го виде беше од обратната страна - од внатре према надвор. Како и беа успешно избришани сеќавањата, таа првиот допир со реалноста го имаше кога стапна на прагот на оваа куќа. Оваа куќа е утробата на нејзиното постоење. Во нејзе се движеше по интуиција.
Апгрејдирана беше скоро до совршенство. Она е најнов прототип на човек со вградена вештачка интелигенција. Место за грешки во нејзе нема.
Со лифт се спуштија до конференциската сала на дното на куќата. Ласерски е заштитена од сите страни. На најмал погрешен потег се активира алармот, а алармот што прави тоа они не може да знаат. Само високите кругови на најголемата криминалистичка организација ја знаат тајната за заштита на објектот. Другите само знаат како да постапуваат за да не предизвикаат екстремни последици. Толку.
Во полукруг беа поставени кожни столици со аудио опрема. Пред нив огромен екран. Никита примети дека се дојдени скоро сите битни фаци од подземјето. Никогаш не разбра како ли заслужила да биде дел од нив. Икс. Во темните прамени на неговата долга коса се прелеваа снопови светлина. Преубав е. Ликот му е совршено правилен. Висок е. Слаб. Привлечен. Дури и сега кога го гледа и се буричка утробата. Баш наоѓа чудни места да го посака. Све го посакува во најневозможни ситуации. Ја научи да посакува барем. Ја осети нејзината желба. Мрдната е. Како ли се исплетка со нејзе баш. Очите и ги сакаше. Во нив се гледа дека е делумно жена. Убава совршена форма на жена. Кога водеа љубов заборавaше дека има вграден чип. Очи. Му ја дадоа како задолжение, но се претвори во суштина. Криеја дека спијат заедно. Смешно - па тоа е веќе јавна тајна. Сигурно.
За миг им се сретнаа погледите. Усните и се отворија, очите се растворија.
- Те сакам - му рече притаено.
Не одговори ништо.

Они двајца беа најголемите миленици на Лидерот. Немаа ниту една промашена задача. Ја доведоа изведбата скоро до совршенство. Што ти прави одличен програм - ненормална поврзаност. Телепатија. Спој. Сепак, во последно време беа нешто дистанцирани. Он стана агресивен и избувлив. Она постојано во ментално бекство. Како да почна да се отвора бунар помеѓу нив. Силните ега не дозволуваа да се замараат со преиспитувања на односот. Што ќе биде - ќе биде, и крај. И без тоа има некои работи кои ги оддалечуваат: различната боја на прашоци секој од нив што ја сака. Икс го извади шишенцето од џеп и скришно повлече уште од прашокот. Јебеш, убаво ми е кога сум над сите. Глупости, тоа било тешка дрога, глупости. Судар на мислите пред сите присутни тука. Она повторно пакосно се насмеа, а он зарже и и заврти грб.
- Господо - им се обрати ликот на Лидерот од екран - Лидерот на Другите почина утрово. Неговиот наследник ќе нападне дрско. Не ги почитува правилата на подземјето. Сака да преземе се. Не сакам да влезам директно во војна. Многу загуби ќе има од двете страни, а и ќе се отвориме пред естаблишментот. Второво ме загрижува повеќе. Операциите на нашиот круг мора да останат строга тајна. Сакам да се договорат ингеренциите, па барам простор за комуникација со Лидерот на Другите. Ве молам да се воздржите од одговарање на провокациите од другата страна се додека не направиме некаква спогодба. Во спротивно имам да ви кажам само еден збор: војна. Штама во конференциската сала. Никита погледнуваше во секој од присутните посебно. Сите фаци на нивниот круг - ладни како камен. Постојат правила на однесување кои со генерации се пренесуваат од коло на коло. Поради тие правила нивниот круг е најтаинствен и најсилен. Кај нејзе тие правила се вградени во еден основен чип. Учитани и се во меморијата. Ако не ги почитува ќе се парализира. Ќе престане. Толку ли им беше потребна па ја задржаа во кругот??? За што ли им беше толку потребна па ја примија во кругот!!!??? Има еден куп такви прашања на кои нема одговор, како што нема одговор за било што што се случило пред да стане Никита. Deleted.
Ја прекина раката на Зед. И даваше сигнал да остане откако ќе си одат сите. Икс го немаше. Никита тргна по Зед.
Во специјалната просторија во која се до тогаш влегуваше Икс со Зед, сега влезе Никита сама со Зед. Личеше на работна соба. Пространа. Од каминот допираше пријатна топлина. Многу полици со книги. Неколку кожни фотељи околу мала масичка. Уреден простор. Се на свое место. Слики по ѕидовите. Пригушено светло. Поголема работна маса. И голема црна фотеља до прозорот зад масата, свртена кон нејзе со грб.
- Седни - и се обрати добро познатиот глас.
Седна на најблиската фотеља до поголемата работна маса. Зед застана покрај масата. Фотељата се сврти према нејзе. Сеуште не можеше да го види ликот што седи таму. Тој ја подигна едната рака и стисна на копче од даљинскиот управувач. Пред малата масичка се подигна мал екран. Слика, па звук...

> Електронска индастриал музика, вино и свеќи: мала приватна забава од највисок вид. Повеќе ликови присутни во просторот. Кадарот фаќа два

лика посебно. Скоро исто високи се. Ставот им е сличен. Едниот се чини го убедува другиот во нешто. Не се расправаат - како да се договараат. Блиски се, тоа може да се осети одма. Муабетот им станува полесен. Поинаку се движат. Дури полека почнуваат да мрдаат во ритам на музиката. Сепак, многу индискретно. Задоволно се смеат. Фигурите стануваат појасни како што се доближуваат до прозорецот. Одеднаш може да го види ликот на едниот од нив. И без тоа знае кој е ликот и на едниот и на другиот од нив. Им се доближува контура на висока тенка девојка. Коса права, црна, долга...неколку здивени прамени, виолетова светлина низ нив...кога они се повлекуваат внатре во просторот, таа останува сама до прозорот загледана према надвор...ликот и се менува, станува друг, очите се затвораат, усните се подотвораат и блага насмевка се протегнува низ нив...

**Задачата**

Лидерот притисна друго копче и екранот се повлече од видно поле.
Без да побара дозвола Никита посегна по цигарите на големата маса. Ја гледаа двајца луѓе од кои едниот никако да добие лик. Човекот - глас.
Да сакаше да ја ликвидира, немаше да ја донесе во собава. Можеше со истиот дањински управувач едноставно да ја исклучи. Дали конечно ќе разбере за што ја задржаа во кругот, за што ли толку многу им беше потребна токму таа...
- Тој лик со долга смеѓаста коса, толку сличен на оној другиот со темна свиленкаста коса, истиот оној со кој спиеш ти, е новиот Лидер на Другите - продолжи гласот - Се здружија во годините кога јас и неговиот татко сеуште припаѓавме на ист круг. Деца беа. Исти беа. Толку беа исти што мораше да ги носиме на чистење на меморијата и нив кога кругот се подели на два дела. Различни интереси, различни потреби и различен бизнис доведоа до строга поделба. Нашиот круг не влегува во бизнис со дрога. Па се поделивме. Спогодбено. И војна немаше целиот период во кој беше жив стариот лидер - мојата друга страна. Таа со која бев истото тоа што се сега тие. Но за разлика од нив, ние се научивме да ја почитуваме основната дистанца. Не можевме да работиме заедно, но не си ни попречувавме никогаш. Затоа бевме силни. Затоа естаблишментот не можеше да ни влезе во трага. Сега...- гласот подзастана, се повлече поназад во фотељата, почна потешко да дише...
- Многу едноставно е, уствари - продолжи наместо него Зед - Икс и новиот лидер се здружија пак. Веќе подолго време се дружат интензивно пак. Во последно време дури не се трудат ни да се скријат. Сила добија. Нивната симбиоза ќе донесе страшни пресврти. Мислат дека со спојување на круговите ќе го донесат подземјето на многу повисоко ниво - ќе го направат појако од било кога. Во суштина ќе предизвикаат хаос. Во нашиот круг има многу членови кои нема да можат да се прилагодат на агресивните пресврти. Со самото тоа ќе мора да бидат ликвидирани. Тие имаат свои следбеници кои ќе сакаат да се одмаздат. Војната ќе стане неминовност. При тоа подземјето

ќе се подели на банди по членови и тие помеѓу себе ќе имаат мали интензивни препузцавања: мали војни во рамките на една голема пеколна војна. Ќе гори подземјето. Нема да пазат каде и како се удираат, па така ќе почне да се отвораат пред естаблишментот. И тука ќе прегориме сите.
Никита до тука внимателно слушаше се. Но веќе знаеше што ќе следи како заклучок. Престана да слуша. Во главата и се моташе само една мисла: како ли тоа после чистење на меморијата сепак има некои силни моменти кои не може да се избришат до крај па се враќаат назад пак. Она е жив доказ за тоа. Има еден филинг кој секогаш се обновува. И при секое обновување станува уште појак. Добива еннормни размери, може дури и поголеми отколку што тоа било претходно. И нагризува. Просто нагризува. Силно. Постојано. Кобно. Појак од потреба станува - попотребен од воздух.

- Само ти можеш да го ликвидираш Икс - ја прекина гласот од фотељата.

И ѕвонеше во ушите веќе познатиот заклучок. Таа снимка која ја гледаше беше од едно нивно дружење со новиот лидер. Икс навистина беше посебно поврзан со тој човек. По име не го викаше никогаш. Тајно се гледаа. Се слушаа. Се надополнуваа. Како да се хранеа од некоја ненормална меѓусебна енергија. Таа не можеше да го предвиди тоа пошто во моментите наречени слободно време и самата се хранеше од некоја друга таква енергија. Иста по вид, но различна по содржина. Го гледаше човекот-глас зачудена. Он може си мисли дека ќе ја боли да го ликвидира Икс па затоа така го гледа. Ама како бе тоа да не предвидел дека и јас имам меилфанкшн - си вртеше во глава - ист, потполно ист.  Ист, ако не и погаден. Дури сега кога помислувам на тоа ми се подигнува дијафрагмата. Не знае ли дека тоа не е исто како кога ми се буричка утробата по Икс. Дали се тоа емоции? Дали имам во себеси јас таков вид? Што ли имам во себе јас? Зашто молчам кога ми вика дека треба да го ликвидирам оној за кого знам од првиот ден на своето постоењето. Која сум јас? Што е Никита уствари...
Претходно поставените прашања како да добија одговор - најпосле стана јасно зошто ја примија и задржаа во овој круг, но со одговорот на тие прашања се појавија сега некои нови, на кои којзнае кога ќе им го најде одговорот. И тој одговор којзнае какви други нови прашања ќе донесе со себе и којзнае какви одговори ќе донесат тие...
Ја пресече нечие ментално довикување. Се поврати во реалност, стана од фотељата во која седеше пред гласот и без збор ја напушти просторијата. Отакако си отиде, Зед и Лидерот продолжија со муабетот.
- Прецизна е и ледена, ќе успее да го ликвидира.
- Но жена е и страствена е, и се може да биде. Освен тоа...
- Зед, ти секогаш си скептик. Но таа совршено добро знае дека треба само едно копче да притиснам и да престане.
- Да, ама ако ни избега Икс на другата страна тогаш уште полошо ќе биде.
- Сега е правото време.
- Не можам да сфатам како можевме да згрешиме во она што најдобро го правиме и тоа кај нас дома - во сопствената куќа. Доставуваме илјадници чипови и програми, ги правиме најдобрите прототипи на вештачка

интелигенција, моделите на шпијунажа, се што претставува  последно достигнување во технологијата...и сите успешно се вградуваат и функционираат... и немало голем меилфанкшн до сега...немало проблем кај ниедна од пратките кои ги правиме насекаде по светов...или можеби не сме знаеле дека има...не ни било кажано од редовите на кои ги доставуваме...не знам што да мислам, не знам...сега правиме достава на нов пакет за милитантни потреби...за контра револуцијата во Јужна Америка...не сакам ни да помислам што ќе биде доколку настане меилфанкшн - ќе им отиде борбата во погрешен смер...токму Никита и Икс го доставија пакетот до нашиот контакт во Куба...
- Да, и од таму Икс сега ќе достави огромна количина кокаин. Паралелно го изработи и тоа со малиот лидер. Сакаат брзо да дојдат до средства за да стартуваат со здружувањето. Мора токму сега да го запреме. И доста, немам намера овој пат да ги слушам твоите скепси кои заземаат размери на патолошка параноја...
Зед, тој непоправлив скептик, замислено погледна во својот лидер. Овој знаеше за гижите под густите темни веѓи на Зед: сепак има делови од сивите келии на човекот кои остануваат мистерија, но само кај поединци со јак коефициент на човечка интелигенција - тое е X показателот во равенката кој се поврзува со најголемиот ризик - оној кој доведува до она на што тие не сакаат никако да помислуваат...

**Икс**

Кристалната индиго магична ноќ донесе неочекуван пресврт. Икс осети дека нешто се случува со Никита. Ја снема и ја немаше веќе половина час. Знаеше да се прикраде во забранетиот дел од куќата - таму каде се прават експерименти. Но, не сега, си помислуваше Икс, сега не е таму, просто осеќа дека не е таму овој пат. Каде е? Никитааа. Никита!
Ја осети како се приближува со поинаква енергија.
Проклети старци, мислат ќе ми ја земат.
Стоеше исправен на влез на куќата, свртен према чекорите кои му се доближуваат...толку убав, нестварен, излуден, озрачен...од очите фрлаше искри, зрачеше целиот како пламен во ноќта, така моќен, така магичен, толку магнетски фантомски привлечен...црниот мантил му се вееше во ноќта, како да доаѓа од друг свет, преубав е, преубав, волшебен... темната свиленкаста коса му се сјае под светлото на месечината, се плеткаат диви мали прамени низ ликот, контурите стануваат појасни, пред нејзе блеснува вечно саканиот лик со само еден збор напишан на челото: Никита.
Ја притисна ненормална болка внатре во утробата, слабост, ќе испати, ќе пати како никој што не пател. Ќе урла, ќе вреска од бол, ќе престане ако треба, НО НИКОГАШ НЕМА ДА ГО УБИЕ оној кого го сака.
Проклетство.
Не ја дочека. Влезе во брзото црно ауто. Зарже кога таа влезе внатре.
- Те нема. Не сакам кога те нема така како што те снема.

Зашкрипеа гумите под нив. Ноќта ги одвои во еден посебен дел во себе. Се друго престана да постои околу нив.
Времето не се мери со мигови кога водат љубов. Ја земаше силно, силно. Ја носеше во друга паралела на универзумот. Се прелеваа пурпурни бои околу нив. Снопови енергија зад кои бегаат од реалноста. Целосно му беше предадена. И потполно присутна во чинот. Можеше да се огледа во очите пред него. Во нив да го види сопствениот лик. Што тој претставува. Патување во забранети зони. Поглед кој потсеќа на оној кога гледа надвор низ прозор: различен по содржина но потполно ист по интензитет. Исто како кога таа се отцепува од се друго околу нејзе што постои, и бега. Кон него бега. Во него се труди да остане баш. И тој заборава на сите препреки присутни до тогаш и ја љуља во правилен магичен ритам. И и се подига дијафрагмата и срцето ќе и искочи низ врат зашто магично е магично прекрасно кога играш буквално заедно во ритам со оној што го сакаш. И сакаш да трае што е можно повеќе. Да нема крај. Да нема крај. Да те љуља така до крај на вселената. И пак така и се така и така натака пак. Во транс. И таа чувствува како му припаѓа, и сите препреки исчезнуваат. Па тој се доближува поблиску до нејзе, му го осеќа здивот пак, се допираат со усните, се допираат, сеуште не се љубат, само се допираат и конечно таа се предава на валот вонтелесно постоење што надоаѓа и во исто време осеќа екстатични трзаи длабоко во сопствената утроба. Следниот момент устата ја зема во магичен оргазмичен долг бакнеж. И реалноста се растопува под нив.
- Сети се, некогаш не беше жена, некогаш бев некој друг. Зад превезот на ноќта се среќававме. Ти подарував парче небо. Други бевме, ама исти баш. И тогаш почна да бегаш. И го запозна него. Новиот лидер на другите. Те завлече сето она непознато од другата страна. Ти прва почна да пркосиш на сите насилно поставени правила на однесување. Прва забунтува против нив. Кои се они да ти кажуваат со кој може а со кој не може да се дружиш и каде може а каде не може да се движиш. Кои се они да те лажат. Бегавме од нашиот круг и се дружевме со него. И се сакавме. И се дружевме се повеќе и со се повеќе од нив и станувавме силни.
- Тогаш ти почна интензивно да се дружиш со опијатот. Те земаше проклетиот опијат. Секој ден се повеќе те земаше проклетиот опијат. И најпосле те зема комплет. Те оставија пред нозете на лидерот и оставија да те врати назад. Репрограм. Рестарт. Никита. Иста, но нова. Бледа, ладна копија на оригиналот кој го сакав. И кој го сакаше тој.
- Ти си потомок на најголемиот од нас. Негова си. Тој истиот што мисли дека може да го притисне копчето и да предизвика крај. Тој истиот што не може во очи да те гледа, зашто сега моја си. За мене чувана си, од мене чувана. И лидерот на другите го знае тоа многу добро. И знае кој сум јас и која си ти. И кој е тој и кои се сите други. И од каде потекнуваме. И која е заедничката енегија позади нас. Ние сме предвесници на новото време. Ние сме најсовршеното што произлегло од нив: со корени во минатото а визија во иднината.
- Проклети старци. Сега уште ти викаат да ме ликвидираш. И тоа го знам. Мисли програмот совршено функционира. Не и кај таквите ко нас. Ние од

другата страна на постоењето одиме. Отпирни сме на се. Во тие наши извонредни категории отпирни сме на све. Нема да ме утепа он, јас ќе го утепам него. Ќе го утепам исто како он што зема да те утепа тебе, исто како што зема да ме утепа мене, Ќе го избришам. Ќе го репрограмирам јас него. Сите нив. Не, не сите нив. Ќе ги убијам на лице место голем дел од нив. Кои се они да си земаат за право нас да не програмираат. Не сме биле како што они предвиделе. Кој смее да си дозволи да не предвиди нас. Крвта ќе им ја испијам. До последна капка. Све.
Стана. Отиде до салонот. Кога се врати назад држеше некоја кутија во раце. Здивен беше комплет. Само се работи за предност. А предноста е сега во негови раце - малата метална кутија со сите шифри, целиот програм, моделот со кодови, и копчето што стариот си мисли дека ќе го притисне прв.

- Војна.

**Никита**

Затишје после бура меѓу нив. Но друга бура сега ќе ги зафати сите - целото подземје. Зошто ли не може да се возбуди како Икс? Избезумен е. Излуден. Само една работа му се мота по глава. Толку е неверојатно силен што сигурно ќе успее во се. Но...
По нејзината меморија неговите зборови ечеа како веќе одминати рафали... Што е тоа што ја обзема па ја дистанцира далеку од сите нив. Што е тоа што тој никогаш нема да го разбере...тоа од што се плаши, на што не сака да помислува ама воопшто воопшто баш...
Песочни големи дини...како ли е да се чекори низ нив...ничија е, ни негова не е...подзатвори очи, подотвори уста и со блага насмевка повторно се изгуби некаде...
Никитаааааааа.........Никита......кам ту плеј, дјевушка, come to ride the desert with me....come, and I will take you high above it – high among the stars again...
...remember...
how you kiss the Moon dear, kiss the Moon....

**Абсинт**

Во епицентарот на овој мал мал така магичен прекрасен град се наоѓа Олд Абсинт Хаус оф Њу Еиџ. Тука времето спие.

Сите правци водат кон ова место. Сите правци излегуваат од ова место.
Но него не може да го види секој. Невидливо е за голо око.
Непоимливо за реалната перцепција на нештата.
Илузија.

Во Њу Еиџ се е постојано, исто. Векови поминуваат, а се внатре останува исто. Исти се масите, исти се столиците, перничињата, наргилињата, таписериите, сликите, догорените свеќи и сите други тракатанци поставени насекаде наоколу.
И светлината е постојано иста. И мирисот на застоено време. И газдите кои не сакаат. И келнерите кои не бркаат. Се се се е постојано исто.
Исто, како што сме исти и ние.
При отворање врата го испушта истиот звук секој пат. За секој гостин тој звук е различен. Соодветен. Како поздрав. Како прво добредојде во земјата на соништата. Како најава. Како пасворд.
Њу Еиџ нема место за вишоци. Нема случајни минувачи. Сите ликови внатре се исти. Секогаш се тука.
И се е секогаш тука и се е секогаш сега.
Во срцта на постојаното сегашно време, зад лавиринотот наречен копнеж.
Тука спие зелената самовила. Нежна, проѕирна, непостојана како зрак.
Спие зад превезот на сомотните чувства.
Го чува копнежот на уметникот.

Ги собира сите прогресивно луди ликови околу себе. Просто невозможно е еднаш ако ти се прикаже да не ја бараш пак и пак и пак...
Во аголот на чашката со течност во зелена боја ќе ти го покаже сопствениот лик. Ах, тој божествен напиток. Ах, тие сомотни чувства.
Потребата од креирање. Есенцијалната нота на постоењето.
Создавањето како најсуштинската работа во светот.
Артистот, тој несреќен небески патник осуден на талкање цела вечност во потрага по вистината.
Седни си, одмори се, напи се душичке - тивко ми шепоти зелената самовила - опушти се, сони, сони зелени сништа, сони убави обоени сништа, сони други светови, паралели, континенти, Атлантида...сони најдлабок сон...

Сони бескрајни пространства. Сони најсладок сон...сони го она што те гони, што те сака, што не те остава да дишеш слободно пак, она без што ништо нема смисла, нема смисла да се вратиш од онаа страна на вистината пак...

Секој кој изгубил копнеж осуден е да спие вечно тука.
Сите уметници се тука. Сите мои другари се тука. Сите лудаци се тука. Сите заглавени во лавиринтот на зелената самовила.
Сите ликови од оваа книга се тука.
И се е секогаш тука и се е секогаш сега.
И нема начин да се промени, зашто во оваа паралела промени нема.

Сите сме изгубени во сопствените сништа.
Така сакаме.
Седнати еден покрај друг уживаме на ист начин. Исто е се. Ист интензитет.
Во аголот на чашките со зелена течност си се наоѓаме себеси.
И се друго престанува да постои.
Тогаш не стига тој милозлив глас, ни шепоти магични нешта, отвара нови димензии. Не гали, не сака, не одржува.
Не тера да заборавиме на се.
На себе.

## Вива ла Революцион

### I

Лула се појави како фантом во подрумската просторија во куќата на Спајк. Договорени беа да пушат некоја убица трава таа вечер.
- Рецепторите на турн-оф бебо, иначе рикверц назад идеш - ја потсети Спајк. - Ова ти е слободна вечер.
- Готово бе, исклучени се. - мада колку е крајно неиздржан тој термин... слободна вечер...- Аман пушти го навака џоинтот бе бебо, го исцица цел.
- Држ, бебо.

Стварно е посебно задоволство да се пуши џоинт со Спајк. Ритуал. Апсолутна посветеност. Убави мрсни туфни без многу семки. Мерак за очи, за прсти, за плуќа. При тоа секогаш има доста, Спајк е стар џано, риспект; и травата е толку добра - те удара уште при прво влечење прв џоинт.
Спајк не дила, да се разбереме, он е медијатор. Кроз него несакајќи поминува добар дил. Дилот го наоѓа него. Нема замарање, нема брканици.
Последица на вградените рецептори од повисок вид кои овие чудни суштества ги имаат од раѓање. Магнетизам. Необјасниви феномени. Да се влече спонтано некаква ситуација...битие...суштества...мит...
Со тек на време се научија правилно да ги контролираат. Па така, на моменти знаеја сами да ги предизвикаат работите што им требаат, а на моменти силно ги затвораа тие канали на восприемање со цел максимално да се опуштат. Но дури и кога беа присилно затворени тие канали, сепак чудни необјасниви фантастични моменти предизвикуваа со самото постоење. Не е можно под присила да ги поттиснеш тие канали до крај - стално се тука, стално брчи главата, тоа е нешто што се носи од раѓање. Ги оставаш само привидно затворени додека се препушташ на моментите релаксација.

Низ полу-отворените прозорски капаци се протнуваа виолетови зраци од месечината. Во позадина валовито носеа звуци од убав психоделичен транс.
- Јас не знам бебо што ставаат во ова грасов ама многу е добро.
- До целата ситуација е воопшто бебо. Ти се погоди поимот слободна вечер. А до пред малце ми се тегавееше неодлучно дали да останеш.
Вистина е, си помисли Лула. Но едноставно поучена од сите претходни искуства знаеше дека кога доаѓа од оваа страна на градот мора да и се деси некоја пропратна неочекувана ситуација. Просто ќе ја изнајде нешто што не го очекува. Ќе го предизвика. Ко да знае нештото дека е тука и баш тогаш ќе најде за сходно да ја извика. Рецепторите не и се исклучени - тоа е. Никогаш не научи како да ги исклучи скроз. Истрауматизираност. Потреба да се биде секогаш спремен. Борба за опстанок.

## II

Лула живееше во престижниот дел од градот. Беше дел од старата аристократија. Но, кога почнаа превирањата и гонењата од новата владеачка класа, таа застана во делот опозиција. Не затоа што беа блиски по политички или општествени ставови, туку едноставно зашто не припаѓаше на новиот сталинистички поредок на самобендисаниот диктатор Квази Анти Корупт. Секој кој не припаѓаше на новиот поредок на Квази Анти Корупт беше сместуван во толпата Опозиција. Дел од таа толпа веќе беше ликвидиран, дел беше пикнат по затвори, дел во канализација, дел прогонет по странство, дел обновен со лоботомија - т.е. купен со позиција, титула и кеш. Страшно време завладеа во земјата. Дојде време на еднопартиски систем пак. Гадна варијанта на оној во комунизмот. Под присила и ги земаа поседите - лозјето во Соње, викендичката во Маврово - под изговор дека се купени со искорумпирани пари. Едноставно власта и ги одзема, демек ги национализира, па после тоа ги подели на по некој идиот под изговор дека државата си ги повратила средствата од нивниот трансфер. Каков трансфер бе копучишта, па тоа се поседите кои се мои по фактор семејно наследство.
Документи имаше, ама за жал правен систем во државата веќе немаше. Па таа со цел да си ги задржи документите за некои подобри времиња и да спречи да ги украдат и нив, реши да не се бори повеќе за ништо што би можело да ја оштети повеќе. Си го задржа само станот во Дебар Маало. Но, и тоа маало сега се преполни со секакви копуци и повеќе сакаше да бега од другата страна на реката каде сеуште има отпор, таму каде е седиштето на опозицијата.
Спејк беше член на големото андерграунд опозициско движење. Тоа движење беше составено од членовите на сега веќе уништените партии од некогашната опозиција, членовите на нарко круговите, дел од запустената вистинска интелектуална сила, останатиот дел од аристократијата, албанската мафија, циганите, клошарите, и сите слободни уметници. Наспроти нив стоеше барикада од полиција, сите селјаци, цела провинција, целиот слој со коефициент на интелигенција под 100, и сите педери во државава. Геј популацијата беше во апсолутен подем. Беше страшно битно да си геј. Ако си геј си по дифолт мезимец на диктаторот.
Така, на чело на инквизицијата - специјалната полиција - стоеше најголемата лезбача во градот, Г-ѓа Гоце-Делчевска. Инквизицијата прво прибираше, па после можеби можеби објаснуваше зошто. Но, како и да е, нејзината моќ беше толкава што можеше со години во притвор да седиш додека ти се утврдува процесот. Опасно време ги зафати сите. Не дај боже да паднеш во очи со нешто, било што, на мета дојдеш ли на владеачките касти - готов си. Инквизицијата почнува да те гони, и ти си во постојано луцидно бекство.
Во една пригода Лула напиша многу добар текст и го објави во тогашната Трибина. Просто измисли приказна и ја објави. Како не можеа да направат разлика припадниците на новата владеачка каста помеѓу реалност и фикција, како и самата приказна бегаше на момент од фикција во реалност, Лула

веднаш беше ставена на список на инквизицијата. Но, како сепак спаѓаше во малце порастеретените и не толку опасни кругови на уметничката опозиција, а и неверојатно и се допаѓаше на Г-ѓа Гоце-Делчевска, Лула не беше приведена при првата средба со аждајата. Имаа еден ко божем случаен контакт преку полицајката Лезби деВит - другарката од детство на Лула, и после тој контакт, дали на среќа или несреќа (сега тоа е дискутабилно до бесвест и парадоксално до срж), Г-ѓа Гоце-Делчевска разви неверојатно шизофренична потреба да ја преобрати оваа мала девојчица во еден од нив. Каква ли неверојатна досетка. Да преобратиш некој кој те пљукал. Да веруваш дека припадник на опозицијата кој се дрзнал не само да пишува туку и да го објави напишаното под изговор дека литературата трпи све и тенка е границата меѓу реалноста и фикцијата, па реалното може да е чиста фикција и обратно; значи еден таков што во очи што те прави мајмун да веруваш дека можеш да го преобратиш. И да сакаш бре. Па тој нема ниту една конструктивна мисла за тебе да напише пошто не си му дораснат по ниту еден принцип на споредба. И ти мислиш дека ќе го преобратиш...па тоа ниту било ниту некогаш ќе биде...
Парадоксално време дојде за живеење во оваа мала слатка држава Неизлезија. Логиката се укина како поим - тоа е. Сосема нелогично значи, Гоце-Делчевска го посака тоа перо на малата девојчица и ја посака и малата девојчица и од тука враќање назад НЕМА. Ќе пишува само за нас, ќе го велича владетелот до бескрај, ќе ми прави кафе наутро и ќе ми ги пере боксериците...
И крај.
Среќа Лезби деВит сеуште не беше потполно преобразена (а и самата го осети камшикот од новата власт многу јако откако ја префрлија да работи во село Арачиново), па навремено ја информираше Лула кога лудата лезбача има часови слободно време.
Таква беше и оваа вечер. Г-ѓа Гоце-Делчевска имаше слободно време, па Лула веднаш беше информирана да бега од дома за да не ја нападнат специјалците. Во слободно време Гоце-Делчевска мораше да прави јаки подвизи за нивната кауза, а како се беше настрвила на перото (и телото) на Лула - само тоа и се моташе по памет - како да ја ќари да пишува за нив. И во слободно време да и ги пере боксериците.

- Повеќе ни месецот не можам раат да го гледам бебо - му рече Лула на Спајк - да ти ебам слободната вечер да ти ебам. Ексик.

Здраво е и корисно понекогаш да се насмееш на своја сметка. Уште ако пушиш џоинт, тоа смеење е добредојдено. Паранојата се претвора во нешто сосема нормално и престанува да зазема еннормни размери.

### III

- Бебо, бегам од таа лудачата веќе извесно време, ама све ми се чини дека треба да ме снема од станчето. Ќе треба да им го оставам и станчето бе. Не

сакам бе. А морам, мора да ме снема длабоко во андергаунд круговите на опозицијата зашто повеќе не ќе можам да бегам и ќе успее да ме фати на препад аждајата - ќе ме акне у притвор. И тамо ќе скапам до крај на животот.
- Или до крај на нивното владеење.
- Нема да се види така брзо тој крај. Не е спремна новата опозиција за уривање на власта. Многу не расцепкаа. Раздели па владеј. А и нив многу ги има. Немам толку време за чекање. А и по кој основ бе јас да лежам, заради напишана приказна ли? Ни политички затвореник не можам да бидам. Па нели збориме за висок степен на демократија бе. А вамо искача дека уопште нема слобода на говор, а па да не ти зборам за слобода на уметничко изразување па ич.
- Ма, кој би те оставил да трунеш во притвор, не влагај у таа прича бебо, него само ми дојде така да кажам зашто не ми се свиѓа песимизмот во твојот глас. И воопшто песимизот и стравот кај народот. Тачно дека све пробаа да уништат, ама можеш ли пелин да искорениш бе. Не има доста. Од герила банда полека стануваме голема организација. Водачот ни е јак, плус силно го држиме во тајност, и ќе успееме да ги згазиме. Ама ќе ги згазиме, да знаеш. Кога ќе дојде време за револуција ќе има тежок масакр. Со мафијата не смееш да се заебаваш, како не разбра оној шупакот не ми е јасно. Е сега дел од мафијата е со нас. Сите прогресивни струења се со нас. И се што претставува интелигенција со над 100 посто коефициент. Еден удар ќе има и тој удар ќе биде со тешки последици.
Спајк се замисли за момент. Дали смее да и каже до крај што е планот на опозицијата? Не заради тоа што би можела да го каже некому - тоа знаеше дека нема да се случи - туку поради екстрмноста на самиот план. И како тој план би можел да влијае врз сепак не толку радикално угнетена личност како што е Лула. (хмм, постои сепак голема веројатност преку навистина јака игра на зборови малата да им долови колку е јака опозицијата всушност, зашто стилот на кој едвај ќе дочека да ги пљукне следниот пат знаејќи го планот ќе биде многу многу поинаков, а да се исконтролира еден уметник - тоа е апсолутна невозможност, и тоа е непобитен факт)
Па таа воопшто не била фатена од инквизијицата, ниту пак гонета толку сурово како дел од другите во опозицијата. И се е тоа неверојатно сомнително. Тој самиот веќе во неколку наврати беше физички малтретиран. Му влегуваа во куќата ненајавени и бараа 300 чуда. Откако немаше ништо да најдат, после демолирање на куќата од патос до таван, го прибираа по полициски станици и го тормозеа да признава секакви будалаштини за кои не му беше јасно дали се измислени од нив (зашто такви небулозности само тупоглави суштества може да измислат) или може некој си измислува приказни доброволно како би добил поени а преку поените бодови за искачување погоре по скалата на власта (пари, моќ и позиција).
- Бебо, ај бе жити све, да го испушиме грасот, и дур пушиме бар да не се замараме со вакви муабети. Мотај пак.

Но од битните муабети никако не може да се избега...
- До кај си со книгата, бебо?

- Скоро сум при крај. Уште не знам како ќе заврши, ама па тоа никогаш не го знам - спонтано ми доаѓа. Драфтот му го дадов на Глувчо - Трибина, ама ми се чини веќе е купен он од власта бе. Или од влијателните кругови во општеството - што е сега па една те иста работа. Ме зачуди само фактот што блаботеше дека му се свиѓа, а вамо изеде бурек кога требаше да го стави на листа на принтање. Бар да го видев на листата, знаеш. Уште не беше готов матерјалот, во драфт беше, го преправав после тоа неколку пати. Кога он замисли си ти, сакал публицитет. Па нели до вчера се рачунаше за цитирам: дом на авангардниот пишан збор бе..,кога, го гледам ми се исправа со силни фаци од естаблишментот и скока пред камери, ги лиже за спонзорства, им се упикува за публицитет...па тоа не е ли искорумпираност бе...
- Не бе бебо, тоа е курварлук тежок. Кога ти зборев ја батали го, ти не па не, добри дечки се, со традиција во постоењето и начинот на постоење. Те разбирам јас, ако не таму каде ќе издаваш? А?
- Нема.
- Нема.
- Ништо нема. И тоа што имало сега нема. Биди среќна што не си дојдена на тоа тереџе да треба по директива да пишуваш, знаеш...од тоа да ти зависи егзистенција бе...сега за сега само те врбува Бркајлиовска Мадмуазел (Гоце-Делчевска) ама ми се чини не се труди со сите сили да те фати...да сакаше да те фати до сега едно 100 пати ќе те фатеше...и не ми збори за основ, основ се измислува отпосле...него, знаеш ли што си милам јас дека е работата...хммм...мислам дека она очекува да ти напишеш нешто за опозицијата на начин на кој само ти знаеш, а кое ќе им прикаже работи кои тие не ги знаат... несакајќи во твоите фантастични приказни ти откриваш многу тајни...е сега, они што се шупоглави и не знаат да протумачат - тоа си е друга работа...ама ме запука бе ова грасов ми укочи говор ебате...и сега може да е и нешто друго, си викам јас, ќе почекаат да ја издадеш книгата прво, па после тоа ќе го видат ефектот од целата работа, и конечно доколку се покаже твојот пишан збор доволно силен - ќе те приберат и ќе те преобратат да работиш за нив...ништо не зависи од Тупоглавовска Мадемоазел гризел, све зависи од Мистер Чаплински (Квази Анти Корупт химселф) уствари, знаеш...и ти може да си мислиш дека она те јури затоа што те јури, ама ние добро знаеме дека она не те јури него те јури уствари он...комренде си амика? Ајде влечи...

Неколку моменти седеа без да кажат збор. Зборовите понекогаш се најмалку потребни во комуникација со блиски луѓе. Кога така блиските луѓе имаат и посебни рецептори, зборовите претставуваат дури вишок, па ти се чини некогаш ако ја кажеш мислата на глас ќе изгуби од јачина...

Едно исто е позади секоја мисла, кажан или некажан збор - потребата од бунт, револуција, преобразба. Прогрес.

Молк. Им се фрлаа бомби, силно силно силно...тоа што не го кажаа на глас им ечеше во уши - потребата од револуција.

Нивното заедничко молчење го прекина мобилниот на Спајк. Без да одговори на телефон, Спајк викна:
- Да бегаме! Брзо!
Ја отвори тајната врата и со трчање го поминаа тајниот премин кој носеше до една слепа темна уличка од спротивната страна.
Спајк ја повлече Лула до еден ќош од каде можеа да ја видат неговата куќа. Клекнати така во темницата, во најзабутаниот дел од слепата уличка, гледаа како коридор од возила се распосла пред влезот на куќата. Најпосле, од најголемото возило искочи еден лик околу кој се собраа 200 горили.  Ликот тргна, од едната страна пратен од позната женска фигура, од другата пратен од познат машки лик. По одот го познаа главниот лик - чаплин корак мења стил живота...од лево Гоце-Делчевска, од десно нивно другарче - некое кое било откупено при последната берба на инквизицијата...
- Пу бе да ти ибам кодошот да ти ибам - се распали Спајк.
- Да одиме бебо...
Како што се движеа по темницата, со до крај уклучени рецептори како би избегнале опасност, низ тишината им се судираа мислите: овој не е дојден по него, овој е дојден по нејзе баш...
Враќање назад за нејзе повеќе нема, прагот е поминат со двете нозе, стапната е на другата страна скроз. Илегала.

**IV**

Мобилниот на Спајк засвони пак.
- Све е ОК - рече Спајк - доаѓаме.
Андерграун движењето се покажа навистина поспремно отколку што тоа Лула си го замислуваше. Потполно навремено и правилно беа информирани за све.  Се движеа по непознати маршути низ градот, имаа изградени подземни тајни пролази, тунели, па дури и цели улици, многу малце комуницираа додека имаа цел која треба да ја постигнат, и се дури им траеше тајната задача ги имаа до крај уклучени вродените рецептори.
- Ги имаш и ти, само не си ги доразвила уште - и рече Спајк  како одговор на прашањето кое таа не стигна дури ни сама на себе ментално да си го постави.

Излегоа од подземјето и влегоа во една од темните раскошни шуми во близина на градот. Тука ги чекаше возило. Не се поздравија со двајцата други бандити. Влегоа во возилото и ќутеа цел пат.
Најпосле стигнаа до една ширум отворена железна врата. Влегоа во некаков двор. Сигурно е некаква викендица. Опустен двор додуша, но се гледа дека некогаш бил многу убаво уреден. Застанаа пред куќата во дворот. Спајк ја зема Лула за рака и влегоа внатре. Шок. Во празната куќа цел гарнизон бандити. Многу многу луѓе. Некои дури во униформи. Лула не можеше да се прибере. Влегоа во една посебна просторија и седнаа на каучот. Чекаа. Смири се, побогу, опрај се, Лула еј - си викаше Лула во себе - нема везе ништо, може ти е филм, сонуваш, може ти е трип, се трипаш, може те завозе

нештото што беше испрскано по грасот, маме му ебем враќај се назад у реалност, контролирај се ејјј. И таман кога сакаше да вресне силно силно од мука, вратата од собата се отвори и внатре влезе сенка од еден чуден лик со пура во устата.
- Значи, ова е девојчето што мајсторски го испљука Чаплинизмус и тоа му го објави во еден од официјалните медиуми. Хахахахаххххх. Браво. Страшно ги потресе сите таа чудна чудна приказна. Дали знаеш колку може силно да удри пишаниот збор? Ене го лудиот не може да спие долго долго време. Му го наруши имиџот. Фикција било? Хахахаххххх. Чекаше да те фати Гоце-Делчевска. Ти и нејзе ја среди бе малечко? Каков парадокс, сфаќаш ли? Се затреска у тебе госпоџа полиција и не сакаше да те прибере. После го убедуваше Чапљо дека ќе те преобрати. После го убедуеше дека може да дознае нешто од другиот твој пишан збор. Но, ти му се наљути на Глушецот Трибински и му рече да си ебе матер. И при последниот контакт со Чапљо, Глушецот призна дека заебал работа. Не им беше на нив до книгата, него до она што ти понатаму ќе го напишеш. Викнаа цел батаљон стручњаци од надвор за да можат да откријат што уствари пишуваш ти и да ни влезат у трага преку твојот пишан збор. Какви шупци. Хахахах. Не ми се верува. Фино си направија стратегија откако не успеа од прва да те фати полицајката. Иначе, стратегијата ја направи најголемиот советник на Чапљо, пази: ти ќе продолжиш да пишуваш, а Глушецот ќе те објавува; ти ќе мислиш дека си у авангарда, а уствари песму ќе појеш директно у уши на Инквизицијата. И овие стручњациве ќе те толкуваат после. А бе мрак, хахахахаххх, мрак невиден. Но, како Глушецот е у его трип успеа да усере работа и ти се направи шизик демек да го молиш за да те објави. После да сере како дури и си го молела да те објави. А бе гледај народ жити све. Пратиш ли ова што ти го зборам? Ама ти, морам да признаам, многу фино одигра и го отера у курац Глувчо. Касно го призна тоа Глушецот пред Чапљо. Дури вечерва успеа да процвили дека си го одјебала. Каков идиот. И одма тргнаа по тебе. Нема зашто да доволуваат пред очи да им се збира и забавува бунт-покретот без врска. Ама, опозицијата све знае унапред, по потезите што ги прават од километар да ги гледаме ќе сфатиме што се случува. Не ни треба да ни шепне некој издајник, џабе рецептори немаме ние. А џабе рецептори немаш ни ти. Си осеќаш све, ама и припишуваш на паранојата све тоа. Уметник. Мене ми е чест што се запознаваме... додуша, приликите се чудни... но само така ќе сме можеле да се запознаеме јас и ти.
- Ај ако сака некој нека ми опне еден бокс сега, жити све. Спајк, ела бе брат удри ме еднаш сега жити све. Нема бе ваков лик во земјава, не се родил уште. Што бара ликот на Ел Че во ова селендрава овде упикан богу иза штрафцигера. Бегај. Сум се мрднала ептен. Што ставаат бе по тоа грасот не ми се верува. Во Балканкан викаа печурки ставале. Сега што ставаат бе? Некаква непозната тешка халуциногена состојка. Кога пушта ова бе? Спајкkkkkk алооо, се измрдав од место бе брат.
- Лула друже, многу е едноставно уствари. Еве што се случи: кога ЦИА го утепа Ел Че уствари, нели, Америте никако не беа глупави да остават све што претставувал Ел Че да умре со него. Земаа примероци од неговата ДНК

и успеаа да го клонираат и тоа успешно, и продолжија тоа да го прават секој пат кога им треба. Е сега, збориме за високите масонски ложи кои стојат зад сите тие организации душо драга, а на нив им треба Ел Че во ситуации во кои друг тип опозиција не би можел да им помогне. Дел од меморијата на Ел Че е исто така добро сочуван во најтајните системи во ЦИА. Многу малце клонови на Ел Че имало по светов, повторувам, само во случаи кога тоа се покажало како неминовно за да се сруши поредокот во некои земји каде почнува да владее тотална налудничавост т.е. такозваниот сељо-тоталитаризам. Таков е сега случајот во нашата мала слатка државичка. Им требаме на светскиве сили, али сега више се дојдени до степен кога не може да излезат на крај со идиотите на власт. Така, решени скроз да го срушат целото идиотско селско гнасно педерско и декадентно лидерство, високите масонски ложи дадоа команда да се пушти во земјава клон на Ел Че ПРОНТО. Сега не треба време за да се добие зрел човек. Технологијата е многу напредната. Го направија за кратко време. Му градија дел од меморијата која ја чуваат од вистинскиот Ел Че како би се осигурале во успешност на операцијата. И конечно, фала богу, добивме вистинско револуционерно движење во земјава. Сите со вродени рецептори се дел од ова движење. По магнетизам се привлекуваме. Плус ни се приклучуваат сите угнетени од актуелниот сељинизам, како и дел од мафијата, уметниците, и високата интелектуална сила. Ама ти тоа што треба да ти го кажам сега веќе си го знаеш...и...

- Што мајка барам сега јас тука? Што?
- А што мајка бара да те јури Чапљо? Па со сопствени очи виде, нели?
- Јас ќе и кажам, олабави Спајк. Те бара за да те услови: или ќе прифатиш да пишуваш за него, ќе те купи, ќе ти ја откупи слободата на говорот, па ќе го величаш по медиумите - што он обожава, на што мастурбира, се возбудува бескрајно и тако даље; или ќе гниеш у притвор додека стручњаците не успеат да откријат каде тоа и на кој начин во твојот напишан опус ти пљукаш против државата и си државен непријател од највисок вид.
- И, пак ќе го поставам сега истото прашање: Што мајка барам сега јас тука?
- Дојди.

## V

Тргнаа по подрумски простории. Одеа низ долги подземни ходници. Поминаа низ повеќе други мали ходници кои водат кон некакви врати. Конечно стигнаа до една голема врата. Спајк ја отвори врата. Лула пригушено вресна од возбуда. Цела штампара имаат бе овие бандитиве. Се принташе матерјал на велико. Продолжија во соседната просторија. На еден деск во најубавиот дел од просторијата беше поставен еден компјутер. Право тамо ја носеа. Не праша што е работата. Знаеше што и е задачата. Нема да се врати никогаш назад во легала. И сега не ни сака назад. Треба да се пишува многу многу многу, треба зборот да се чита насекаде по народот кој не може да мрда, насекаде по светот. Ова е контра удар врз Инквизицијата - ова е парчето ветување наречено Ла Револуцион.

Остана сама пред мониторот. Не ни примети кога двајцава си отидоа. По извесно време помисли на Ел Че. 300 параноји и се мотаа по глава. Батали ги тоа параноите, човекот е закон. Но, клон е. А американизацијата ја неќу у пичку си материну. Како сега? Фактички за нив треба да работам. За што? За смрдешите Американски. Отвори интернет, отвори меил. Порака. Непознат испраќач. Многу малце текст унутра, мали букви. Зголеми фонт и одеднаш на лицето и блесна широка широка насмевка:

- Имало повеќе клонови, но само на еден глупавите амери се решија да му ја вратат меморијата назад☺
  Вива ла Револуцион, Ел Че.

**Реалити чек**

Пеколен ден во Скопје таа престапна 2008 година. Ден за гласање, недела. Сите кон гласачките места.
Седеше тотално опуштена во дворчето на малата куќичка во населбата на сам излез од градот. Каков трип, си помисли, од строг центар да се најдеш во ваква средина...
Шиптарчињата од соседниот двор врескаа додека си играа со земјата во нивното дворче. На само чекор од нејзе. Па овие ќе ни станат реалност бре, нема бегање. Глупости, па реалност ни се станати одамна само никако да си признаеме...Не бе, не сме имале секојдневен контакт со нив, затоа ни се чудни. Не лажи, не лажи, си имала ама нејќеш да се сетиш...whatever...многу ќе ми треба да се навикнам на нив во ваква сега стварно непосредна близина...
Reality check:
Со трипозниот претходната вечер седеа во епицентарот на градот, на терасата на улица Македонија, местимично истрипани и максимално опуштени, и несакајќи го ислушаа цел митинг на ДУИ...ејјј, на плоштад...
Ем се искотија прекумерно, ем се прошириja неконтролирно, ем земаат дел од власта без пардон.
- Рамковен договор душо.
- Те заболе кур.

Престапно лето господово 2008-мо. Ова осмицава е луда бројка. Кај и да се закачиш на нејзе, искачаш на исто место. Во центарот.
На Водно многу пати ја видела таа осмица во просторот. Крка трипови. Гледа осмици. Па кој не ја гледа има проблем, господо. Кога и да ја посакаш, таа осмица искача пред нос. Луда бројка.
Луда година.
Во годините со 8-ца чудни работи се случуваат. Плус оваа престапна е.
- Вештерче, што правиш? - ја прекина телефонот.
- Го чекам трипозниот да гласа.
- А после?
- Ееее после, после ни јас не знам што...ВМРО дупимене, само мене не толку колку тие што ги заокружиле. Јас сум неутрал.
- Имаме поперс, ела.
- Не се дрогирам...
Хахахахахахахахахахаааааххххххххх
Година 2008, престапна година, година во која таа рече дека не се дрогира, и тоа за поперс.  Више не знае ни што збори. И лаже плус...

Го сака трипозниот. Многу чудно. Во моменти апсолутна самотија осеќа уште некој со нејзе. Го сака трипозниот.
И го претумба животот уздуш и попреку. И стави рампа пред именката на Д, пред тоа што таа го сака повеќе од се друго. Минато свршено ли? или? Може ли? ли? и како ли, еден окорели љубител на све што носи зад себе иманката

на Д да се откаже од све што носи зад себе иманката на Д. Каков поим, ебате, каква именка убава. Убава буква. На сите јазици таа именка почнува на таа буква... истетовирана и е во потсвест...буквата Д.
Сега го сака трипозниот многу. И трипозниот ја сака многу. Ама и трипозниот ја има истетовирана во потсвест буквата Д. Едно исто е во нас, си помисли, затоа го сакам. Сега од нас се направи едно исто. И тоа исто не тера да газиме по она што ни било исто. Каков парадокс.
Животот е така искомплициран у суштина, целиот е осмица невидена.
Све се врти у магичен неправилен круг. Или подобро - спирали.

- Буце, мотај џоинт - од никаде никна трипозниот.
- Прдиш за шиптарчињата, мајку ти ебем, а глеј какви ствари изнаоѓаат - рече трипозниот откако повлече неколку дима.
Нејзе и се превртуваа цревата. А бе да не може да поднесе дим од хг. У пичку матер, помисли, ми се иде да му го пикнам у гс, не можам да го поднесам хг-то више...ме заболе за шиптарчињата, нека си брка секој своја работа...
Малката и кажуваше како тој период не можеше да поднесе мирис на хг у близина. Малката, која пушеше хг ко луда. И глеј сега каков трип - истото и се случува и нејзе. Чуден е животов. До вчера од дома нејќеше да искочи ако нема хг, и тоа во изобилие, а сега не може да го поднесе тоа што било преку потребно. Потребата да се премине во другата страна. Каде е таа потреба да се премине во другата страна?
Реалност. Фак ит. Ова е реалност.
Преќуте и го зема џоинтот. На сила влечеше. Е, не може, не може да ми се ускрати тоа што може да го земам.
Парадокси еден куп. Све живо и се ускрати, сите можни стимуланси кои ги кркаше до тогаш. Само хг-то остана како либерте тужур содржина, а она не може да го поднесе више. У пичку пичкину хг да не може да поднесе да пуши. Да ти ебам реалноста да ти ебам, све да ти ебам!

Престапно лето господово со пуно осмици унутра.

Трипозниот рече може да крка трипови уште извесно време. От-лич-но. Мали решки. Четвртинки. Ок.
Беше нашол добри хофмани, беше прибрал еден куп, ко да ќе нема утре. Кај што ги имаше нив, земаше уште други кога ќе улетаа...а бе асид имаа еден тон...
Трипозниот кркаше све и тоа скоро секој ден (читај: секој ден). Ако не беше асид, беше табла. Ако не беше табла, ќе беше нешто друго. Ликвид, шеќерчиња со некаква чудна содржина, неколку пати и мескалин. Whatever. Ама ако не беше асид секој втор ден - ништо од бизнисот. Уз пат онака, за до продавница, да не му биде досадно, трипозниот ќе си кркнеше четврт трип. Лудак. Луууу-дак.
Е, асидот не и сметаше ич. Во таа посебна состојба во која се наоѓаше, целата испревртена уздуш и попреку, изместена од сопствената оска, таа сепак успеа да го задржи уживањето во асидот исто како порано. Асидот и е верно

другаче. Тоа никогаш не ја остава на цедило. Таман работа од него да и се лоши или да и се претумбуваат цревата. Немет шанси тоа. Тој си го наоѓа патот и си брка работа.
Единствен проблем е што никогаш не е доста. Четврт? Боље ич.
- Боље ич? Е па не јади тогаш - ќе измрчеше трипозниот.
- Не не не, добро, дај шта даш...
И све беше фино дур имаа од тие стварно добари хофмани кои ги имаа, но кои за жал се искркаа многу брзоооо, т.е. трипозниот си ги искрка скоро сите сам (без да обрне внимание колку крка тој а колку таа).
Се отвори кратер помеѓу нив.

Вриеше градот тоа лето. Државата вриеше тоа лето. Грујо доби избори по две години за уште додатни четири и тоа со видно мнозинство од над 60 гласа. Рече неќе сојуз со ДУИ, екстремистите на Ахмети. Арно ама, дрчен за невидено мнозинство во однос на опозицијата, Грујо се побратими со тие врз кои пљукаше, со ДУИ на Ахмети баш. Ја отера опозицијата у магарешка клупа, ги згази како буба шваби и уште истиот тој израз го употреби во медиумите. Индиректно де...преку мноштвото полтрони кои бескрајно му се поклонуваа и му лижеа гс...
Почна апсолутистичкиот режим. Почна инквизицијата. Јуреа видни луѓе од опозицијата, ги газеа, ги пљукаа по медиумите, ги бутаа по притвор со ланци, ги клеветеа за 300 чуда. И опозицијата гневна на тоа однесување напушти парламент. Уште беше и осудувана, демек какво е тоа понашање да искочи од парламент. И оп, си зема Грујо на брзина, без многу држ не дај, си изгласа пар нови закони, си постави милијарда нови полицајци, подели задачи да се јурат сите што не почитуват закон, почна да ебе матер на све живо.
- Јас сум Кољо Бесмртниот, потомок на Ацо Велики, вие Грци матер ви ебам кој ве ебе, ќе ви покажам јас, ќе ви се тепам, името не ви го давам.
Пичка невидена. Говедо од прв ред. Глупак каков нема. Наместо он да им ебе матер на Грците, они почнаа да ни ебаваат матер на нас. Систематски. Национализам. Најсвета работа. Ама ако државата иде у пропаст, шо дека ќе влезеш у историја како оној што го продал името, продај го, еби си матер, вади го народот од гомна, идиоте...и вака и така ќе го продаеш, ама цена добра нема да задржиш о воле...
Прост е прост о народот во оваа држава. Малку се тие кои сфаќаат дека на државава и треба револуција каква немало, чистење до коска. Бунт.
Што не зема да ги избрка од тука Грците, што не го затвори тоа Веро, што им дозволува сваштa ако е факман, што им дозволува уште пари од нас да вадат гадовите смрдливи...што не го натера народот на бојкот, јавно...што не направи нешто револуционерно ако се фура на национализам...нееее, пичка невидена ќе чека помош од Америка, од ЕУ...што не им го извади средниот прст кога јадеа гомна за нас и ги поддржуваа грците...матер му ебем, маска жива, гад, идиот. Вошка.

Животот во земјата стана неподнослив. Стана непоимливо тешко да се истера крај со крај. Уште на целата мака кретенот ги тераше да се котат. Реклами

фрштеа по сите страни да се има три, ако не и четири деца. Па нека умрат за леб после...невиден копук, нечувено нешто...

Во малата куќичка на сам крај од градот таа сепак живееше отцепена од све друго. Други проблеми, други паралели, други осмици, други спирали се мотаа по тој дел од универзумот.

Во суштина и требаа уште неколку месеци за да сфати дека многу го сака Трипозниот. Тоа егото нејзино наркоманско проклето не дозволуваше поимање на димензијата љубов. Ха, каква глупост, тоа уопште и не постоело...е ама бат но, зашто боли нештото така многу како што боли кога не е љубов, што не гоотераш у курац, што не му свртиш грб, што не му напакостиш тогаш...
Денови несоница. Денови неодреденост. Навлеченост пак. Бес. Со канџи и иде телото да си го раскине. Не може да поднесе...мора малце барем да шмрке од белиот прав...ах малце само...една црта, неколу, нецел комад, мала линијка само ејјјј...издржи, издррррржииии....чудни мали војни на светови доживеани по 100-ти милионити пат...а он си се здрвуе како ќе му текне и кога ќе му текне...ќе го остави, па да, едноставно нек се носи у пичку матер и она ќе го остави....ќе ли...или....ли ли.....дали....
Следниот пат кога тој ќе заборави на поимот љубов и така себично ќе си се направи ошав, како само он што знае, комплетно и до даска, без да обрне внимание на ништо околу себе, тогаш таа ќе му сврти грб, ќе истрча надвор без образложение, ќе отиде да се напрви параспур до даска, ќе заборави на све, ќе заборави на него, ќе заборави на љубовта, ќе заборави на она мало нешто кое уште ни не добило облик а го осеќа длабоко во својата утроба.
Проклетство, нема излез од целава ситуација баш.
ТИиии-шииииии-ннааааааа бре !!!!  молчи. молк.
Наркоманот во нејзе сакаше некако да го заборави поимот љубов. Се трудеше од петни жили да го расипе односот. Ама како па да не го расипе кога наркоманот во него цело време си се забавља како ќе му текне. А овој нејзиниов треба да трпи. Е не може така. Или - или.
Тешко е, најтешко е да си поставуваш граници сам, да се оградуваш од она што го сакаш и ти требало цел живот, она што претставувало стил на живот и те обземало комлет, а пред твои очи другиот - оној кој се вика твој партнер земал парче се прави без пардон кога ќе му текне, без да си поставува граници, без да се оградува, без да помислува дека тебе ти се иде да искочиш од сопствена кожа. И евентуално, како краен идиотизам кој може да постои, да кривиш едно уште неоформено суштество за све што ти се случува а претставува бед.
Проклетство. Ете тоа е најголемото проклетство со кое се соочува еден наркоман. И крај.

Да се зема или не, прашање е сега.

Еден убав сончев ден Трипозниот си дојде дома видно расположен. Ќе одат на пат, пак. Ќе кркаат трипови пак. Јес. Ама тој период све некои за никаде трипови им искачаа у видокруг. Секоја недела она џабе кркаше по едно ронче трип. Стварно многу лоши трипови му се мотаа на трипозниот пред нос тој период.
Сепак, важно е да се искрка трипот. Без трип он не трга на пат па макар светот се превртел.
- Буце, има несречата некои картони ама не чинат. Ми рече несречата дека добри картони имал оној дечкото што носи сканк. Ти го знаеш, јави се да прашаш,ај Буце.
Истиот момент и дојде да го услови некако. Каква пакосна личност. Да го услови да земат и малце бело, само малце, еден грам само и она ќе направи све како што ќе посака он.
Ќутеше. Возеа према дил, она среди за картонот без проблем, ама тоа буцкалото во нејзе нећеше да се смири. Почна да крева тензија. Доби толку голем интензитет што и се чинеше дека ќе ја дигне колата у вис.
Од нигде никаде се пробуди ѕверот во нејзе. Се наоѓаа неколку метара од местото од каде таа зема бело. Во секое време и колку што ќе посака таа од тоа место може да си земе бело. Па почна да врие крвта во вените, почна да и се превртува утробата, почна да ја боли кичмата и да ја стига димензијата склет. Потреба.
Не му кажа, само промени понашање.
Влегоа тензични дома. Само ако кркне од картонот сега, зад мој грб, фаќам прва кривина и земам све што ќе ми дојде на пат. Ајде, земи да го пробаш картонот, ајде...ајде, ајде сега земи ми мене зад грб и сам направи се ошав....ајде...
Ништо.
Тој седеше спокоен и срећен и си моташе џоинт.
Ајдееее.....ајде....па како ли ќе издржи мајко му да му се дома картоните а да не ги пипне...ќе ги пипне, нема што...ајде....
Ништо.
- Буце, ела да пушиме џоинт па да се комираме, утре рано те будам за на пат, шеќерче мое.
Пу јазк.

Во близина се слушнаа истрели. Рафали. Па неколку коли се бркаа. Па пак пукаа. Па се слушна сирена од полиција и сирена од брза помош.
- Ова шконтариве си ебале матер скроз. ДПА против ДУИ. Нема тука политика, дипломатија, трте-мрте.
- Ако, барем ќе се испотепаат меѓу себе. Секаде ги има, не можам да мрднам од нив. Гадни се. Другачии се. Ич не се ко нас.
- Кој си ти националист....све живо мрзиш....а па тоа Грците тек колку ги мрзиш...
- Аиии, па то са све живи пички бре, и све живо е ебено у гс...
- Боље у гс, него у мозок.
- Е па кога гласаше за Грујо....

- Доста Буце, ќе претераш...
Одеднаш вресна ѕвончето на врата. Трипозниот целиот во прашалници тргна да отвори. Трипозниот целиот во уште поголеми прашалници се врати пак назад.
- Шипси го пукале у уво. Со точак се враќал од село и го распукале вика од стапица. Среќа гзлак само увото му го погодиле.
- Крвна освета душо. Нели негова банда утепа еден човек. Море, све е испомешано више, ни они сами не знаат зашто се пукаат. Мафија тешка. По села, по фамилии припаѓаат на партија. Нема везе политика со ништо уствари. Се кријат зад партиите, а покољ се прават ради сосема трети работи. Бараат права. Какви бре права они тоа бараат. Кои идиоти се тоа не ми се верува. Што им е ускратено, што? Секаде се инфилтрираа. Врие шконтари секаде по земјава. Кај да се свртиш у врат ти дише шконтар твој....и што сака нашето мало шконтарче? Нек не ми се задржува тука долго....
- Буце, ти си за никаде стварно, хумана димензија у тебе јок. Ќе го носам на преврска, кај ќе иде таков...и доста више со националистички мрч...
- А ти бе, па ти гласаше за Грујо...
- А за кој да гласам бе, за Рада ли?
- Ја сум неутрал. Ја сум највише уствари либерал. Ама у земјава ова либераливе за кур не ги бива...а бе ова нема никаде душо, ова не е ни банана република више...ова е тотална распашана команда....со на чело од сите страни по некој шут....остај тоа, пази се ти да не те види некој од другата банда шконтари па да пострадаш за ич ништо...
- Ај прт мир...
- Мир мир....
Од телевизорот искачаа силни зборови од големиот Гвујо. Ќе им покажеле на Грците, ќе виделе они. Ма, кој ве ебе сите, помисли и го исклучи телевизорот. Пушти 103. Мирко. А бе од сите страни сардисан да си. Ни телевизија ни радио можеш да слушнеш. Мирче, херојот на андерграунд авангардата, самобендисан мочко, ПМГ колектив, а бе да те бог сачува.  Извини, да ти ниси из Бегиша можда дечко. А да можда не дркаш на Бегиша дечко. Пардон, хммм, па ти си бил од Скопје., уаyyyy човечеееее, жити све....
Све то бре треба да се елиминира. Све што моментално у земјава доминира треба да се елиминира. Све е ова едно големо квази демократско прдење. Пушти Питер Марфи и заспа.

Како да се избега од реалноста прашање е сега...
Живот без доуп. Реалити чек. Промена на перцепцијата за прв пат од пореметена во реална. Од стимулирана во клот фркет.
Со долготраен ефект.

Тргнаа на пат. Не е важно каде. Журка некоја транс. Мање битно. Трипови. Грас. Ракијка. Друштво.
Се топеше земјата под нив.
Го натера да водат љубов во манастир. Не е грев. Ако те сакам не е грев. Дали те сакам?

Монолози. Дијалози. Борба на световите. Реалноста која гризе. Паралелата која бледее...потребата да се врати назад пак она што е изгубено...
И треба да се биде силен, да се нацрта линија која во никој случај не смее да се помине.
Забранета зона.
И сите ликови во таа зона да се остават раат. Нема мешање на световите бар извесно време.
Шшшшш...тивко тивко...не ги повикувај. Остави ги од таа страна на вистината.
Ќе те чекаат назад. Ќе се вратиш.
Го сакаш. Те боли и си ја гризеш устата од набој. Го сакаш како никој никого што не сакал. Го сакаш повеќе од се друго.
Ти ја врати вербата.
Љубовта.
Господ.

И поминаа морници какви никогаш до тогаш не осетила. Реалноста и не е така лоша ако сфатиш што треба а што не треба да примаш.
И пред нив се отвори просторот, се тргнаа облаците, се насмеа небото и Сонцето ги пушти првите утрински зраци за да ги стоплат.

Ќе чека. Ќе помине еден период во мирување.
Нека се смират страстите. Ликовите во нејзе нека се смират.
Канализирање.
Ќе слуша музика. Ќе чита поезија и ќе чека да дојде денот кога ќе скокне во некаков бунт пак. Герила банда нема кај да бега, стално е тука, стално е спремна.
Периодот е таков, мируваат сите. Да се мирува е тешко.
Тогаш најсилно удира реалноста.
Ако.
Уште посилни ќе искочиме. Уште погадни за гонење.
Сега нека се тепаат идиотите малце сами помеѓу себе.

- Буце, стигнавме дома - во реалност ја врати Трипозниот.
- Те сакам. Толку многу те сакам што душата ми трепери од набој. Не познавам некој кој толку си го сака својот маж.
- Слушај:

I find you in the morning
After dreams of distant signs
You pour yourself over me
Like the sun through the blinds
You lift me up
And get me out
Keep me walking
But never shout

**Ветување**

Ми зборува
И му шепотам
Во највозвишена форма на изразување
Слатки љубовни нешта

Многу тенка е границата меѓу лудоста и генијалноста; уште потенка меѓу лудоста и шизофренијата. Меѓу нив исткаена совршено правилна мрежа од пајажина, во двете насоки. Недопирлива. Вечна.
Во секвенца од филм ме пресретна таква пајажина, истетовирана на градите на една девојка. Прекрасен црн пајак, голем колку тупаница, нацртан точно помеѓу градите. И од тука пајажина која се шири према стомакот, па со најдолгата нишка го поминува папукот и допира до средината на материцата. Од другата страна се шири во делот од градите, и со најдолгата нишка (сепак пократка од таа претходната) се провлекува точно до под врат.
Девојката ладно седи на задно седиште на некој седан и се вози низ некои градови, низ издигнати згради, низ урбани простори. Комплет отсутна од нив. Во следниот кадар на нејзиното место се појавува седнат машки лик, а се друго останува исто.

- Знаеш - кажува машкиот лик - дека Детроит треба да се сруши до земја. Детроит е гробница. Нема небо, нема бои.

Во наочарите му се пресликува сивило од згради, од прозорци, од улици, од празно безбојно небо.
Во квечерина тој ист ден шетав низ градот. Овој град е урбана гротеска. Смешка. Тотален хаос. Безредие.
Во центарот, на самиот плоштад, калдрмата стара милион години ја искорнаа и ја заменија со плочки. Со безлични нонсенс плочки. Урбано купатило сега никне во средината на овој град. Но во водухот се шири пријатна миризба. Овој град не е чист, ама убаво мириса. Овој град е катастрофа тешка ама убаво мириса. Светилките се палат, галамата се стишува, луѓето се движат со побавен ритам, урбаното лудило престанува...ја дигам главата и на небото ме сретнува најубавата тиркизна боја во универзумот што постои - бојата на небото над мојот град, прекрасна, нестварна, совршена; магични преливи низ небото над мојот град, маестрално изведени, неприметни...и не постои сликар и не постои палета на бои која ќе го долови овој спектар, ниту вака совршено изведениот прелив на небото....и почнувам да се смеам на глас комплетно излезена од себе...
Тој момент престанувам да дишам. Ме боли нешто. Но не со непријатна болка. Не ме боли физички, ни душата не ме боли...боли чудно...
Боли изворот на моето бивствување.
Почнува од местото помеѓу градите, се шири околу нив, и оди точно до материцата од едната, а до под врат од другата страна.
Чекорам низ овој град, но не по овие улици.
Внатре во себе си слушам најубава музика. Знам.

Ми зборува
И му шепотам
Слатки слатки љубовни нешта
Во највозвишена форма на изразување
Му шепотам: Идору....